# БЕЛЕШКИ ЗА БИБЛИСКО УЧЕЊЕ 

## МЕТОД НА УЧЕЊЕ

Оваа серија на 4 "Белешки за библиско учење" секоја содржувајќи 3 лекции, е направена да помогне да стекнеш основно разбирање на она што Библијата учи и како да споделуваш во предностите од бивањето христијанин. Ќе се здобиеш со максимална полза од овие "лекции" читајќи ги неколку пати и погледнувајќи во препорачаните библиски пасуси. Потоа одговори на повеќекратниот избор прашања на крајот од секоја лекција, погледнувајќи повторно во белешките доколку си несигурен со одговорите. Бесцелно е брзањето низ лекциите и погодувањето одговори; дадено е доволно информација да овозможи исправно одговарање на сите прашања, што ќе послужат како добра основа за понапредните следни лекции.

Завршувајќи ги прашањата, пренеси ги своите одговори кај Збирот на одговори страната на оваа брошура. Кога првите три лекции ќе бидат готови, испрати ни ја страницата Збир одговори. Додека се овие испратени можеш да продолжиш со следните три лекции и потоа да ги испратиш до својот тутор. Штом го примиме првиот дел одговори ќе ти биде одреден личен тутор кој потоа ќе ги маркира, и ги врати, заедно со било какви додатни потребни коментари и понатамошни "Белешки за учење на Библијата".

Доколку имаш некакви прашања за нешта околу Библијата ќе ни биде задоволство да помогнеме да го најдеш одговорот во Библијата.

-----------------------------------------------

## СЕРИЈА БЕЛЕШКИ ЗА УЧЕЊЕ НА БИБЛИЈАТА

Сé на сé има 4 брошури и секоја содржи 3 лекции. Можат да се учат во било кој редослед, но доследност во учењето најдобро се постигнува со почнувањето од лекција 1 и напредувањето кон лекција 4.

**Бр.1**
* Библијата
* Бог
* Божјата цел (1)

**Бр.2**
* Смрт
* Божјата цел (2)
* Исус Христос

**Бр.3**
* Божјото ветување до Давид
* Воскресението на Исус
* Христовото враќање

**Бр.4**
* Евангелие
* Крштевање
* Божјото царство

**Оваа брошура е снабдена бесплатно за објавувањето на евангелието по светот од: CARELINKS MINISTRIES, PO Box 152 Menai NSW 2234 AUSTRALIA www.carelinks.net email: info@carelinks.net .**

ЛЕКЦИЈА 1

# Библијата

Библијата прави големи тврдења. Таа јасно изјавува дека нејзиниот автор е Бог - Творецот на универзумот. Тврди дека го открива Бога и Неговата намера и зборува со авторитет. Ако ова тврдење не се поддржува, тогаш Библијата е најсуровата обмама што некогаш го измамила човештвото. Ако тврдењата на Библијата можат да се поддржат тогаш сме ние во посед на најголемото светско богатство. Библијата како вистинско Божјо Слово го содржи клучот кон мирот и среќата. Одговара на најзамрсените прашања за значењето и целта на нашето постоење и конечниот исход на борбата помеѓу исправното и погрешното.

## ДА ГИ ПОГЛЕДНЕМЕ ОДБЛИЗУ НЕЈЗИНИТЕ ТВРДЕЊА

Павле, пишувајќи за Стариот Завет вели: 'Целото Писмо е од Бога вдахновено' (2Тим.3:16). Секој збор од изворните списи беше напишан под изравно Божествено водство. Апостол Петар го истакна истиот факт, 'никогаш според човечката волја не е изречено пророштво, туку светите Божји луѓе зборувале просветени од Светиот Дух' (2Пет.1:21).

Овие двајца апостоли тврдат Божествен авторитет за записите на Стариот Завет, забележани векови пред нивните дни. Овој Божествен авторитет е одговорен за целосниот склад на учење откриен во Библијата. Писателите беа раздвоени временски, образовно, стручно, искуствено и друштвено, сепак сите нивни записи се здружуваат во обликувањето на една единствена Книга.

## ЗОШТО БЕШЕ НАПИШАНА БИБЛИЈАТА

Библијата ни вели како почна човечката раса и како Божјата идеја за спасение ќе одведе до конечна победа на исправното врз погрешното и до истребување на секаква трага од гревот и злото. Главната цел на Библијата е да го обзнани на осудената човечка раса спасението преку Исуса Христа. Стариот и Новиот Завет здружено го претставуваат Исус како единствениот Спасител на човештвото.

'А овие (чудеса) се запишани, за да поверувате дека Исус е Христос, Син Божји, и верувајќи да имате живот во Неговото име' (Јован 20:31). Во библиските страници го наоѓаме сето учење потребно за човечкото просветлување, Божествените описи за исправното и погрешното, и за човечката обврска кон Бога и своите сожители (2 Тим.3 стих 15-17).
Конечно, Библијата е дадена да ни каже, во широк отцрт, што ни носи иднината, за да бидеме спремни за Христовото доаѓање (2Петар 1:19).

## СОДРЖИНИТЕ БИБЛИСКИ

Библијата е збирка на книги поделени во два главни оддела. Книгите од Стариот Завет беа напишани пред времето на Христа и книгите од Новиот Завет после времето Христово. Има вкупно 66 книги. Ќе најдеш нивни список на почетокот од својата Библија. Тие беа пишувани од околу 40 различни писатели во период од преку 1500 години. Беа пишувани во еден број на различни земји - како Израел, Египет, Италија и Вавилон.

Сите книги сочинуваат една постојана тема - темата на остварување на Божјата цел со човекот од самиот почеток, забележана во Битие до времето кога 'Царството на светот стана царство на нашиот Господ и на Неговиот Христос, и Он ќе царува во сите векови' (Отк.11 стих 15).

## СТАРИОТ ЗАВЕТ

Книгите на Стариот Завет спаѓаат во четири главни оддела:-

**а) Книгите Мојсееви** 1-та книга е наречена Битие, која значи почеток. Ни кажува за Божјите справувања со првите луѓе на земјата. Потоа следат Исход, Левит, Броеви и Повторени закони. Тие говорат како Бог го повика Авраама, направи завет со него и неговите потомци, ги изведе од Египет и им ја даде земјата сега наречена Израел.

**б) Историските книги** овие, од книгата на Исуса Навин до книгата на Естира, се запис на историјата израелска и за Божјото справување со нив.

**в) Поетските книги** книгите на Јов, Псалмите, Изреките, Еклизијастот и Песната над песните беа напишани на хеврејски (јазикот на Израелците) во поетски облик. Тие содржат многу важно учење за Божјите начини и за чувствата и обврските на човекот.

## ПРОРОЧКИТЕ КНИГИ

Зборот пророк значи гледач - некој кој предвидува или има визии, не само за идни настани, туку и за Божјите побарувања од човекот. Долгите пророчки книги на Исаија, Јеремија и Језекија се проследени со одреден број пократки.

## НОВИОТ ЗАВЕТ

**а) Евангелиските записи** се 4 одделни сметки за животот Христов, пишувани од Матеј, Марко, Лука и Јован; секој го кажува евангелието на свој начин.

**б) Книгата 'Дела Апостолски'** беше пишувана од Лука и кажува што се случи по воскресението на Исуса Христа. Кажано ни е како беа формирани првите цркви со апостолското благовестување низ целото римско царство.

**в) Писмата** беа пишувани од некои апостоли да се помогнат раните верници во малите, расштркани млади цркви.

**г) Книгата на Откровение** беше последната порака на Исус, дадена во визија на апостол Јован.

## ИСУС ВЕРУВАШЕ НА СЕКОЈ ЗБОР ОД СТАРИОТ ЗАВЕТ

Исус Христос е главниот лик од библискиот план и кога тој се роди Новиот Завет не постоеше. Писмата кои ги користеше и учеше беа Стариот Завет. Исус веруваше во тие Писма, го основа своето учење врз нив и ги прифати за беспрекорен авторитет. Погледни ги пасусите Јован 5:46-47; Лука 24:27; Лука 24:44-48; Матеј 22:29; Марко 7:6-13.

Исус говори за Авраам, Исак, Јаков, Давид и Соломон и за многу други луѓе за кои читаме во Стариот Завет и го темели своето учење врз фактот дека тие луѓе беа вистински и дека сиот Стар Завет е Божјо Слово.

## БИБЛИЈАТА НЕМОЖЕ ДА СЕ ДОКАЖЕ ЗА ЛАЖНА

Сиот развој на денешната мисла и технологија е здружен да утврди дека библиските записи се вистински. Многу непријатели на Библијата вклучувајќи и некои многу паметни луѓе, се обидоа да ја докажат за погрешна но сите беа безуспешни. Пошто вистината неможе да си противречи, треба природно да очекуваме Словото Божјо да биде во склад со видливото научно знаење.

Понатамошен доказ за библискиот авторитет е начинот на кој таа беше сочувана низ вековите. Библијата победоносно го издржа секој човечки напор за отфрлање. Била забранувана за обичните луѓе; цели нејзини изданија се горени и многу книги се пишувани во обид да се откаже. Ниедна друга книга не била подложна на такво трајно и одлучно спротивставување: Библијата сé уште стои, непомрдната и непобедива.

Големата древност на Библијата, нејзината сочуваност и влијание врз човечката раса се фактори кои не можат да се игнорираат. Доказите на археолошките наоѓања од луѓе како Rawlinson, Layard, Smith, Woolley и Kenyon во Египет, Нинива, Асирија, Вавилон, Ур и Израел се сите очити потврдувања за вистинитоста на библиската историја. Музејските експонати ширум светот јасно го покажуваат тоа. Написите за народите кои војувале против Израел ги потврдуваат библиските сметки за настаните и за древните обичаји и месни навики.

Денешната археологија продолжува да додава градиво поддржувајќи ги нашите причини за верување во вистинитоста на целата Библија.

Дури и критиките, за трудот на еврејските препишувачи од изворните записи, се отфрлени со откривањето на древните списи. Значајното откритие во 1947 на свиоците од Мртво море обезбеди уште повеќе вредни докази за точноста на Библијата. Овие списи се едни од најраните достапни, датирајќи назад до 2 век п.н.е. Во пркос на нивната старост, незнатните настанати варирања се само во поглед на словирањето и не го афектираат учењето, пророштвото или историските факти.

Така работата на археолозите ја потврдува на извонреден начин вистинитоста и сигурноста на Библијата и притоа, неизравно, дека е производ на Божествена вдахновеност.

## ПРОРОШТВОТО ЈА ДОКАЖУВА БИБЛИЈАТА ЗА ВИСТИНСКА

Самиот Бог го одбрал пророштвото како голем доказ за Својата бескрајна надмоќ над сите други суштества (Исаија 46:9-10; и 42:9).

Библијата повремено говори за настани кои ќе се случат по стотици години. Во Матеј 2 е запишано дека мудреците дошле во Ерусалим и прашале: 'Каде е новородениот Цар Јудејски?'. Кога Ирод ги праша првосвештениците ова, веднаш одговорија: 'Во Витлеем Јудејски' бидејќи стотици години пред тоа беше проречено во една книга од Стариот Завет (Михеј 5:2).

Како додаток на пророштвата за Исус Христос, има многу други поврзани со древните народи и, нарочито, со Евреите. Многу од древните народи изчезнаа од светските настани но Библијата рече оти Евреите ќе опстанат. Еврејскиот народ сé уште опстанува денес во пркос многуте напори да се уништат (Јеремија 30:10-11). Ако Библијата беше тек човечки производ, во било кое историско време таквата изјава можеше да се најде за лажна. Евреите се сé уште со нас денес со сопствена држава, Израел, и неговата престолнина, Ерусалим, сега под нивна целосна управа.

Библијата ни ги дава причините за овие факти. Ова е моќен доказ дека Библијата е Божествено вдахновена и према тоа сигурна.

## ЗБИР НА НЕКОИ ОД ПРИЧИНИТЕ ЗА ВЕРУВАЊЕТО ДЕКА БИБЛИЈАТА Е ВДАХНОВЕНА

1. Единството на нејзината порака во пркос на бројните писатели кои пишуваа низ еден голем временски период.
2. Нејзиното чудесно сочувување.
3. Доказите од откритијата на археолозите.
4. Исполнувањето на библиските пророштва - (понатамошни примери ќе бидат дадени во покасните лекции).

## УСЛОВИ ЗА ПРИФАЌАЊЕ

Ако сакаме да ја разбереме Библијата, Исус рече мора да постанеме учевни како мали деца: Матеј 11:25. Мора да сакаме да ја најдеме за себе вистината и мудроста на Божјото Слово (Изреки 2:3-6). Мора да веруваме дека Бог ќе нé награди во нашата потрага (Евреи 11:6). Мора да сме волни да ги доведиме своите животи во склад со Божјите заповеди.

Исус рече: 'Кога го знаете ова, блажени сте, ако го извршувате' (Јован 13:17) и, 'Не секој што Ми вели: Господи, Господи, ќе влезе во царството небесно, а оној што ја исполнува волјата на Мојот Отец небесен' (Матеј 7:21). Апостол Павле напиша: 'со страв и трепет градете го вашето спасение' (Филипјани 2:12).

## КАКО ДА ЈА УЧИМЕ БИБЛИЈАТА?

Како и со секое друго учење, редовното, планско читање најмногу помага. За почеток, следи ги предлозите за учење содржани во оваа лекција. Библијата си е својот најдобар толкувач. Секогаш обзирнувај ги пасусите во нивниот контекст и споредувај го Писмото со Писмото.

Како што напредуваш низ курсов, ќе видиш дека секое основно верување е поддржано со јасното и позитивно Писмо. Со оваа основа сите навидум 'тешки' или 'противречни' стихови можат да се објаснат или доведат во склад. Еден concordance, маргинални препораки или библиски коментари можат некогаш да се корисни, но мора да се помни дека составувачите на тие, не биле водени со Божествена вдахновеност.

Ако нивните заклучоци го противречат учењето на Писмото, тие се во грешка (Исаија 8:20). Целта на овој курс лекции е да ти помогне да ја разбереш Библијата за себе, за да можеш да ја прифатиш каква што е, Божјо Слово, кое нуди надеж за живот вечен на сите кои ќе ја послушат и извршат.

| ПАСУСИ ЗА ЧИТАЊЕ ОД БИБЛИЈАТА | | |
|---|---|---|
| 2Тимотеј 3; | 2Петар 1; | Лука 24; |
| Дела 28:23-31; | Ефесјани 4:21-32; | Исаија 8:20 |

ЛЕКЦИЈА 1 ТЕСТ

Подвлечи го одговорот на секое прашање и пренеси ги на задната страна.

1. Кој е автор на Библијата? а) Павле б) Мојсеј в) Бог г) Даниел
2. Со кој дел од Стариот Завет Исус го почна објаснувањето за себе на двата ученика на патот за Емаус? Со:
   а) Пророчките записи б) Мојсеевите записи
   в) Псалмите г) Изреките
3. Свиоците од Мртво море беа откриени во: а) 1749 б) 1794 в) 1947 г) 1914
4. Каде Михеј прорече ќе биде роден Исус? Во:
   а) Ерусалим б) Ветел в) Витлеем г) Вавилон
5. Библиските книги беа пишувани во период од преку:
   а) 50 б) 15 в) 1500 г) 150 год.
6. Исус рече: 'Кога го знаете ова, блажени сте, ако...'
   а) 'кажувате на други' б) 'го извршувате'
   в) 'го помните' г) 'сте сигурни'
7. Колку одделни книги содржи Библијата? а) 66 б) 27 в) 39 г) 23
8. Што е сигурниот 'збор' за кој говори Петар во своето 2 послание?
   а) на добро однесување б) на пеење
   в) на пророштво г) на говорење
9. Во кој град живееше Павле во времето запишано во Дела 28:23-31?
   а) Рим б) Ерусалим в) Ефес г) Александрија
10. Од каде можеме да добиеме потполно разбирање за Божјиот план и цел со земјата?
    а) од записите на Мртво море
    б) еврејскиот закон
    в) пишувањата на археолозите
    г) Светото Писмо

**Оваа брошура е снабдена бесплатно за објавувањето на евангелието по светот од: CARELINKS MINISTRIES, PO Box 152 Menai NSW 2234 AUSTRALIA www.carelinks.net email: info@carelinks.net .**

ЛЕКЦИЈА 2

# Бог

Има бројни аргументи за Божјото постоење.

## САТНИОТ АРГУМЕНТ

Ако најдовме часовник на земја, а пред тоа никогаш не сме виделе часовник, можда ќе го подигнеме и испитаме. Можеби ќе го отвориме и погледнеме во комплицираниот механизам. Ќе забележиме како малите тркалца работеле околу себе и ги поместувале казалките.

Би знаеле дека таква една комплицирана направа мора да била создадена. Часовникот мора да бил измислен; мора да бил осмислен. Часовникот не можел сам да се создаде. Деловите не можеле сами да се здружат случајно. Фактот што часовникот постои е доказ дека мора да има креатор - мора да постои часовничар.

Универзумот е направен од милиони ѕвезди. Земјата има месечина која се движи околу неа. Сонцето и планетите се дел од чудесниот комплициран систем каде секој дел се движи точно по својата назначена патека. Ова е далеку покомплицирано од било кој часовник. Ова не станало случајно.

'Небесата ја објавуваат славата на Бога, а за делата на рацете Негови известува сводот небески' (Псалм 18:1)

## БИБЛИСКИ ДОКАЗИ

Еден од најсилните аргументи за Божјото постоење се содржи во Библијата. Библијата содржи многу пророштва за успони и падови на царства и народи; за поединци и настани. Во многу случаи овие пророштва беа запишани со стотици години однапред. Ова е нешто што човекот не можел да го направи. Само Бог, кој ги управува сите работи, можел да издејствува тие пророштва да бидат напишани. Види Исаија 46:9-10.

Некои од тие пророштва ќе бидат обработени во наредните лекции. Целта на оваа лекција е да објасни што Бог открил за Себе во Библијата.

## ШТО НИ ВЕЛИ БИБЛИЈАТА

Бог Се открил како Творец.

> 'Во почетокот Бог ги создаде небото и земјата' (Битие 1:1).
>
> 'Јас ја создадов земјата и го создадов на неа човекот; Јас - Моите раце ги простреја небесата; и на сета нивна војска Јас им дадов закон' (Исаија 45:12).

Бог Се открил како вечен. Тој секогаш бил и секогаш ќе постои.

'Пред да се појават горите, и пред создавањето на земјата и на вселената, отсекогаш и за секогаш Ти постоиш' (Псалм 89:2). 'Твојот престол е утврден од почетокот на времето; Ти постоиш отсекогаш' (Псалм 92:2).

Има само еден Бог. Израел беше потсетен дека разните богови што ги обожаваа Египјаните немаа никаква моќ и не беа ништо повеќе од човечки-направени ликови.

> 'Оти сите богови на народите се ништо, а Господ ги создаде небесата' (1Летописи 16:26).

Бог е семоќен. Тој знае сé што се случува и е присутен секаде со моќта на Својот дух.

> 'Ти знаеш кога седнувам и кога станувам; Ти оддалеку ги разбираш мислите мои... сите патишта мои си ги предвидел' (Псалм 138:2-3).

Давид во овој Псалм вели дека нашиот ум е премал да ја сфати големината Божја (стих 6). Но ако знаеме дека Бог гледа и знае сé може да биде голема утеха и извор на сила.

> 'Ако ги земам крилјата рано в зори и се преселам на крајот од морето, - и таму ќе ме води Твојата рака, Твојата десница ќе ме држи' (Псалм 138:9-10).

Библијата ни вели дека Божјето уво е стално спремно да го слушне плачот на Своите деца, и Бог изјави, исто:

> 'Нема да те оставам, ниту, пак, ќе те напуштам' (Евреи 13:5).

## БОЖЈОТО ЕДИНСТВО

Библиското учење дека има еден Бог е важно, нарочито пошто има многу кои не го веруваат тоа. Тоа е јасното учење на двата Завета стариот и новиот.

**Погледни ги овие стихови- Исаија 45:5; 1Коринтјани 8:6 и Ефес.4:6.**

Апостол Павле пиша до Тимотеја: 'Зашто еден е Бог, и еден е Посредникот помеѓу Бога и луѓето - Човекот Христос Исус' (1Тимотеј 1:5).

Самиот Исус ја истакна важноста на ова библиско учење кога рече:

> 'А животот вечен е тоа, да те познаат Тебе Единиот вистински Бог, и испратениот од Тебе Исуса Христа' (Јован 17:3).

## УЧЕЊЕТО НА ТРОЈСТВОТО

Неколку учења се поопшто прифатени од христијанскиот свет отколку она за Божеството, познато како учење за Тројството. Римокатолиците, грчката црква, и скоро сите деноминации на протестантите, било колку да се разликуваат врз некои точки, се согласни во тоа, и веруваат дека 'Отецот е Бог, Синот е Бог, и Светиот Дух е Бог, а сепак не се тројца Богови, туку еден Бог'. Тие понатаму веруваат дека сите тројца се соеднакви и совечни.

Дали е ова вистинско учење? Ако е така, и можда ние не го разбираме, мора ли да го прифатиме? Како би знаеле? Очигледно само по она што Бог благоволеше да ни открие во Своето Слово. Према тоа, одиме кај Библијата и наскоро откриваме дека никаде нема никаква поддршка во нејзините страници за ова народно учење, туку токму спротивното. Писмата секогаш го научуваат Божјото единство, не тројство. Следните цитати јасно го покажуваат тоа:-

> **"Почуј, Израиле: Господ, нашиот Бог, е единствен Господ" (5Мој.6:4; Марко 12:29). "Јас сум Господ и нема друг; нема Бог освен Мене" (Исаија 45:5). "Ние имаме само ЕДЕН Бог Отец, од Кого е сé" (1Коринтјани 8:6)**

Ова не се во никој случај осамени пасуси, туку примери од многу други можат да се цитираат, сите учејќи дека Бог е еден, не три. Задниот од горните пасуси е изразито показателен. Христос се појави, умре, беше воскреснат од мртвите и вознесен кај Очевата десна рака, сепак Павле вели дека БОГ е ЕДЕН! И кој е тој? Тројниот православен Бог- Отец, Син и Свети Дух? Не! Тоа е ОТЕЦОТ. Тој беше Богот што го обожаваше Павле.

## БЕШЕ ЛИ ИСУС СИНОТ БОГ?

Тогаш, што е со Исус Христос? Не беше ли тој 'Богот Син'? Во поглед на честата употреба на овој израз денес, необично е тоа што таква фраза не може да се најде во Библијата. Ние читаме за "Синот Божји", но не за 'Богот Син'. Природниот заклучок е дека учењето вметнато со тој израз е небиблиско. Атаназиското верување вели за Отецот и Синот дека се соеднакви и совечни. Пренесувајќи ја необичната замисла дека еден Отец и Син можат да бидат совечни, што вели Библијата за соеднаквоста? Таа говори наједноставно по прашањето.

Беше ли Христос еднаков со Отецот кога беше тука пред 1900 години? Самиот нека одговори:-

> **"Јас ништо не можам да правам Сам од Себе" (Јован 5:30).**
> **"Учењето Мое не е Мое, а на Оној што Ме прати" (Јован 7:16).**
> **"Мојот Отец е поголем од Мене" (Јован 14:28).**

Самиот факт оти бил пратен од Отецот (Јован 5:24,37) ја негира теоријата за соеднаквост, додека неговиот недостиг на знаење за времето на своето второ доаѓање, е еден додатен доказ против народното верување, бидејќи е непоимливо Второто Лице од Тројството да е неупатено во било што. Не само што имаше вакво отсуство на еднаквост во минатото, истото е и сега. Размисли за зборовите Павлови кога говори за "Бог и Отецот на нашиот Господ Исус Христос" (2Кор.11:31), дури и самиот Исус, по своето воскресение, говореше за Отецот "(М)ојот Бог" (Јован 20:17). Понатамошниот факт оти "еден е Бог, и еден е Посредникот помеѓу Бога и луѓето - Човекот Христос Исус" (1Тим.2:5), е уште едно сведоштво за истиот ефект.

## ХРИСТОВАТА ИДНА ПОЗИЦИЈА

Оваа редица докази може да се протегне понатаму. Ние погледнуваме напред во времето на крајот од илјадагодишното Христово владеење на земјава. Што гледаме?

> "А потоа ќе биде крајот, кога (Христос) ќе Му го предаде на Бога и Отецот царството... Он треба да царува додека не ги стави под нозете Свои сите непријатели. Кога, пак, ќе Му биде потчинето сé, тогаш и Самиот Син ќе Му се потчини на Овој, Кој Му потчини сé, за да биде Бог сé во сé" (1Коринтјани 15:24-28).

Така во минатото, сегашноста, и иднината, колку и да е висока позицијата дадена на Исус Христос, Отецот е главен, и соеднаквоста не е никогаш ниту предложена.

Тогаш, кој е Исус Христос? Синот Божји, роден од девица мајка, како што е запишано во Матеј и Лука:

> "Светиот Дух ќе слегне на тебе и силата на Севишниот ќе те осени; па затоа и роденото ќе биде свето и ќе се нарече Син Божји" (Лука 1:35).

Исус живееше како што е запишано во Писмото, беше искушуван, страдаше, и умре, но беше воскреснат од мртвите преку Отецот, и се вознесе кај Очевата десна рака како Првосвештеник и Посредник. Таму тој ќе остане до времето, кога ќе се врати на земјава да го уреди царството Божјо.

## БОЖЈАТА ЉУБОВ

Ако има некаква особина од Семоќниот која покажува дека Неговиот карактер е поинаков од оној на боговите кои беа измислени од луѓето, тоа е љубовта која ја изложува.
Размисли за љубовта која родителот му ја покажува на своите деца. Бог ни ја покажува сета таа љубов - и повеќе - на нас.

> 'Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него, да не погине, но да има живот вечен' (Јован 3:16).

Делото на Господ Исус Христос ја формира темата на друга лекција. Човечката потреба за спасение исто така е порасправана покасно. Но целта што ја има Бог со земјата и човекот треба да се изложи тука. Јасно библиско учење е дека Бог намерава во иднина да го измени светот, да ги отстрани злата што го погодуваат денес.

## БОЖЈАТА ЦЕЛ СО ЗЕМЈАТА

Многу рано во израелската историја, Бог изјави:

> 'но жив сум Јас, и секогаш ќе живее името Мое, и целата земја ќе се исполни со славата Господова' (Броеви 14:21).

Сигурно земјата не е исполнета со Божјата слава сега. Но ќе биде. Тоа е Божјата цел. Апостол Павле говореше на народот во Атина и им рече оти еден ден светот ќе биде управуван во правда од цар назначен од Бога и дека ова беше зајамчено со Неговото воскреснување на него од мртвите.

Светот сигурно не е управуван во правда сега. Но ќе биде. Кога ќе дојде тоа време, ќе се нарече Божјо царство и Исус ќе биде цар. Божјата намера со земјата е расправана повеќе во следната лекција. Еден од уверливите начини на кој Бог ја покажа Својата љубов кон човекот е тој што ја обзнани Својата цел во Библијата. Неговата љубов е исто така покажана во набавување сопствен син за средиште на таа цел .

## ДУХОТ

Лекцијата за Бога не би била потполна без спомнување на два збора кои се поврзани со Семоќниот и Неговото дело. Зборот 'дух' е често користен во Библијата да ја означува општоприсутната сила Божја.

> 'Каде да отидам од Твојот дух, и од лицето Твое каде да побегнам?' (Псалм 138:7). 'Со Својот моќен Дух зацврсти ме' (Псалм 50:12).

## СВЕТИОТ ДУХ

Зборот 'свет' значи посебен, одвоен, богоугоден, посветен. Кога читаме за Светиот Дух, Библијата говори за Божјата Сила користена за одредена, посебна цел. Кога на Марија, мајката на Исус, ѝ беше речено оти ќе има син кој треба да се вика Исус, ѝ се рече дека Светиот Дух ќе дојде врз неа и Лука го истакнува значењето со повторувањето 'силата на Севишниот ќе те осени' (Лука 1:35). Погледни го стихот. Ангелот објаснува дека раѓањето на Исус ќе биде чудо издејствувано со посебната Божја сила делувајќи врз Марија. Заради ова, Исус ќе биде Син Божји.

## БИБЛИСКОТО ПИШУВАЊЕ

Веќе го видовме стихот од 2то Петрово послание кој вели 'никогаш според човечката волја не е изречено пророштво, туку светите Божји луѓе зборувале просветувани од Светиот Дух'. Посебната Божја сила ги направи пророците да говорат и писателите на писмата да го состават Божјото Слово. Тие беа покренати од силата Божја.

Зборот 'дух' е чест превод на еден еврејски збор (во Стариот) или грчки (во Новиот Завет) кој значи здив. Така, кога Духот Божји покренувал некого, може да се рече 'Бог го надахна'. Ова значење зад зборот ги прави некои од пасусите кои говорат за Божјата сила нарочито убави. И, тоа, е причината што Павле, пишувајќи до Тимотеја, вели дека списите се инспирирани :-

> 'Целото Писмо е од Бога ВДАХНОВЕНО' (2Тим.3:16).

Силата на Светиот Дух му беше дадена на Исус како што вели Новиот Завет. И на апостолите подоцна им беше дадена таа сила која ги оспособи да прават чуда. Последниот стих во Марко 16:20 ни вели дека целта на тоа беше за да се оспособат апостолите да ги потврдат зборовите кои ги говореа.

Павле говори за начинот на кои даровите од Светиот Дух беа користени во 1 век. Најголемата особина над сите дарови која треба да се обидеме да ја негуваме е љубовта. Прочитај 1Коринтјани 12:28-31 потоа 1Коринтјани 13:1-13.

Бог ја покажа Својата љубов кон нас на многу начини. Ние најдобро можеме да ја покажеме нашата љубов кон Него живеејќи го нашиот живот на начин кој Му удоволува.

## ЗБИР НА НЕКОИ ВАЖНИ ТОЧКИ

**Еден е Бог. Тој е Творец. Тој е бесмртен - од век до веков. Бог гледа и знае сé.**
**Бог е праведен. Бог љуби. Бог ја откри Својата цел во Библијата.**
**Силата Божја е опишана како Неговиот Дух.**
**Списите беа пишувани со силата на Светиот Дух.**
**Исус се роди како резултат на дејствието од Светиот Дух врз Марија.**
**Битно е за нашето спасение да ја разбереме Божјата природа.**

**ПАСУСИ ЗА ЧИТАЊЕ ОД БИБЛИЈАТА Битие 1; Исаија 45; Псалм 138; 1Тимотеј 6; Дела 17 (Забележи што правеа оние во Бер).**

**ЛЕКЦИЈА 2 ТЕСТ**

Подвлечи го одговорот на секое прашање и пренеси ги на задната страна.

1. Како беше направен универзумот?
 а) случајно б) со Божјата сила в) еволутивно
2. Вистинскиот Бог е: а) Богот од Библијата б) египетскиот Бог
 в) не знаеме г) ликот Ваалов
3. Кои од следниве се доказ дека Бог постои?
 а) националните химни б) библиските пророштва
 в) традиционалните легенди
4. Во Псалм 138:6 писателот вели:-
 а) 'се восхитувам на Твоето знаење' б) 'Бог гледа и знае сé'
 в) 'Бог е семоќен' г) 'Ти знаеш кога легнувам и кога станувам'.
5. Библијата учи дека:- а) Бог е тројство б) Бог е единство
 в) Бог е воедно многу богови г) нема никаков Бог
6. Со давањето на Својот син (Јован 3:16) Бог ја покажа Својата:-
 а) надеж б) љубов в) вера г) правда
7. Што намерава да прави Бог со земјава? Да ја:
 а) уништи б) остави каква што е в) исполни со Својата слава
8. Што е Божјиот Дух? а) Божјата сила б) Божјата љубов
 в) Божјото слободоволие г) понудата на Божјиот син
9. Со кои средства издејствува Бог да биде напишана Библијата?
 а) со Своето Величие б) со Својот Свети Дух
 в) со Својата вистина г) со Својата милост
10. Во Дела 17:11 читаме дека оние во Бер:-
 а) Му пееја слава на Бога б) го испитуваа Писмото
 в) го побунија народот г) направија метеж во градот

Оваа брошура е снабдена бесплатно за објавувањето на евангелието по светот од: CARELINKS MINISTRIES, PO Box 152 Menai NSW 2234 AUSTRALIA **www.carelinks.net** email: **info@carelinks.net** .

ЛЕКЦИЈА 3

# Божјата идеја и цел

Божјата љубов беше истакната во претходната лекција - Неговата љубов кон светот во давањето на Својот единороден Син. Оваа љубов која ја покажува Бог и која се бара од нас да ја покажеме во возврат не смее да се побрка со нежност или 'мекост'.

Библијата ја истакнува правичноста Божја и Неговата правда. Божјата апсолутна правда беше причина исто колку и Божјата љубов кон човекот што Исус воскресна од мртвите. Бидејќи Исус не стори ништо погрешно не беше можно да остане мртов (Дела 2:24.) Не би било исправно за Исус, да остане в гроб. Бог го воскресна од мртвите.

Слично така, не е исправно дека светот треба да продолжи да бива место каде цути злото и каде толку погрешности се случуваат. Книгата на Изреки ни кажува: 'Неисправните мерила се одвратни пред Господа' (Изреки 11:1).

**Погледни ги овие стихови:-**

> **'Бог е гневен на злите секој ден' (Псалм 7:11 (евр. текст)). 'Господ Исус ќе се јави од небото со ангелите на Својата сила, во пламенен оган да им се одмаздува на оние, кои не Го познаваат Бога, кои не се покоруваат на Благовестието на нашиот Господ Исус Христос' (2Солуњани 1:7-8).**

Оваа страна од Божјиот карактер е често превидувана. Божјата праведност нема да допушти злото да продолжи. Бог нема да дозволи светот да биде управуван од луѓе кои не би поставувале исправни стандарди. Божјата намера е еден ден светот да биде управуван во правичност од Господа Исуса Христа (Дела 17:31). Кога он ќе биде цар, многу од проблемите со кои се соочува човекот денес ќе бидат решени. Ова прекрасно време се нарекува Божјо царство.

Исус ги учеше своите ученици, да се молат да дојде царството, па Неговата волја да биде извршувана на земјата онака како што Му се покоруваат ангелите на небо сега (Матеј 6:10).

## ПРОРОШТВА ЗА ИДНИ НАСТАНИ

Во Библијата наоѓаме најсигурни тврдења за иднината; не само едно, ниту неколку, туку безброј пророштва. Наоѓаме пророштва кои се однесуваат за поединци, за силни народи и слаби народи, некои од кои, во тоа време не постоеја. Има долгорочни и краткорочни пророштва; пророштва за идни нешта, од видот на оние какви никогаш не се случиле порано; од необични искуства кои народите би имале, искуства без споредба и противни на сите природни очекувања. Сето тоа го наоѓаме во Библијата. Откриваме дека со ниту еден исклучок овие пророштва не биле фалсификувани. Што би помислиле од сето ова? Можат ли непотпомогнати луѓе да направат такво дело? Не можат. Има само еден заклучок: луѓето кои ја пишувале Библијата биле управувани од горе.

> "Оти никогаш според човечката волја не е изречено пророштво, туку светите Божји луѓе зборувале просветувани од Светиот Дух" (2Петар 1:21).

Не потценувај ја силата на библиските пророштва. Петар, во цитираното поглавје, говори за тоа како за "сигурниот пророчки збор" и го споредува со светлост која свети во темно место. Ова е многу пригодна споредба. Погледнуваме наоколу по светот, и сé изгледа збркано, без никакво видливо значење или цел. Историјата изгледа само како случаен тек на настани, со никакви видни намери, одделно од одминливите амбиции на луѓето кои поминуваат преку светската сцена. Но проучувањето на Библијата го менува сето тоа и покажува без каков и да е сомнеж дека човечките афери се под контрола, и се движат напред кон потполно неочекуван завршеток - т.е., неочекуван, од сите, освен малкумина.

"Севишниот владее над човечкото царство и... го дава кому сака Он" (Даниел 4:29). Овие зборови беа упатени до Навуходоносор, вавилонскиот цар. Тој не беше никаков лик од

сказните, туку моќен монарх во древниот свет. Во скори времиња неговиот град, Вавилон, беше откопан и докажан дека навистина бил големиот град за кој говори Библијата. Стотиците илјади цигли кои беа откопани сите го носеа името на гордиот монарх кој го владееше светот од своето време. Всушност, Навуходоносор може слободно да тврди дека бил првиот светски монарх. Нему му беше речено: "Севишниот владее над човечкото царство". Но му беше речено многу повеќе од тоа.

## ЗАЧУДУВАЧКА ВИЗИЈА

Една ноќ, Навуходоносор лежејќи на својата постела, се прашуваше каква ќе биде судбината на неговото големо царство откако он самиот ќе замине од сцената. 'На кого ќе допадне мојата мантија? Ќе биде ли мантијата раскината помеѓу лубоморни противници?' Вакви прашања обично поминуваат неодговорени, бидејќи никој не може да каже што носи иднината, но Навуходоносор доби одговор од Бога. Можеме да го прочитаме во 2то поглавје од книгата на Даниел. Прочитај го; тоа е едно од најизвонредните поглавја во целата Библија. Ни се говори за сон во кој беше даден бараниот одговор на Навуходоносор во симболична форма. Може да се праша зошто Семоќниот Бог се потрудил да го удоволи прашувањето на еден пагански цар; зошто одлучил да го направи тоа со сон, и зошто визионерската порака беше ставена во симболи кои царот не можеше да ги разбере, ниту да ги запомни при будењето.

Следниве запазувања можат да се направат во одговор, и ќе послужат за претставување на подробностите од пророштвото и неговото исполнување:-

1) Важноста на Навуходоносор во Божјата цел не беше толку во големината на неговото царство колку во фактот дека неговите подрачја ја вклучуваа изреалската земја, и затоа што беше народот израелски земен во ропство во Вавилон веќе 70 год. Божјата земја - Божјиот народ - беа подложни на управата од Навуходоносор.
2) Методот користен да се даде информацијата исто така го доведе во преден план човекот Даниел, Евреин, единствениот човек кој можеше да го објасни сонот. Ова го подвлече фактот дека "Богот кој открива тајни" е Богот особено израелев. Битен аспект од Божјиот план беше со тоа постигнат.
3) Симболичниот стил земен е најделотворен начин за отпремување голем дел на информации во многу збиена форма. Денешниот политички цртан филм е жив пример за истата работа. Но цртаниот осветлува минати и сегашни настани. Визијата на Навуходоносор фрли бранови светло врз иднината.

## ЗНАЧЕЊЕТО НА ВИЗИЈАТА

Во својот сон царот го виде она што самиот веројатно би го опишал со 'бог'. Тоа беше лик на човек составен од разни метали - златна глава, сребрени гради и раце, бронзен стомак и бедра, железни нозе, стопала дел железни и дел глинени. Оваа метална статуа стоеше исправена - дури некоја невидлива сила не управи камен во нејзините нозе. Ликот се сруши, остатоците беа приземјени во прав и одвеани од ветрот, а каменот кој ја направи штетата:

> "стана голема планина и ја исполни целата земја" (Даниел 2:35).

Што значеше сето ова? Јасните зборови на Даниел го поставија значењето далеку од сомневања. Ликот ги претставуваше царствата човечки во наредните години. Народите на познатиот свет беа во тоа време подложни на вавилонскиот цар, кој беше претставен со златна глава. "Ти си таа златна глава" (стих 38). По ова требаше да има второ, 'сребрено' царство, потоа 3 и 4. Четвртото царство требаше да биде "цврсто како железо"; но по цврстината требаше да дојде слабост:-

> 'А тоа што си ги видел... нозете направени дел од грнчарска глина и дел од железо, тоа царство ќе биде разделено и во него ќе остане само нешто од цврстината на железото... нема да се слеат едно со друго, како што железото не е слеано со глината' (Даниел 2:41-43).

Прашањето кое сега мора да се одговори е: како се равнат историските факти со ова пророштво? Совпаѓањето е совршено - толку што некои се обидоа да кажат дека 2то поглавје од Даниел било пишувано по опишаните настани. Ова е достатен доказ за точноста на пророштвото, но е едноставно неможно, бидејќи пророштвото сé уште се исполнува! Копии од книгите на Даниел се најдени меѓу Свиоците од Мртво море од 2 век п.н.е..

## ОТЦРТ НА СВЕТСКАТА ИСТОРИЈА

4 големи царства следеа едно по друго. Види во било која историска книга која го покрива тој период и ќе најдеш опишано дека Вавилон допадна на Мидјаните и Персијците, едно здружено царство во кое прво Мидјаните а потоа Персијците предничеа. Нивната превласт заврши со Александар велики, кој го основа грчкото царство. Ова, за возврат, се предаде на помоќна сила: Рим беше несомнено најсилното и најтрајното од четирите царства. Со векови Рим држеше превласт. Светот никогаш не запознал нешто налик на моќното "цврсто како железо" римско царство. Која земска сила можеше некогаш да го разбие или победи? Ниедна сила не го можеше тоа. Рим не беше за истиснување. Не смееше да има друго големо царство во редот на Вавилон, Медо-Персија, Грција и Рим.

Прво, царството беше разделено на две: источно, управувано од Константинопол, и западно, управувано од самиот Рим. (Ќе се помни дека ликот што го виде Навуходоносор имаше две железни нозе.) Подоцна, двете половини попуштија донекаде на непријателските надворешни сили и на разорните внатрешни процеси, и низ големото подрачје некогаш управувано од Рим се изроди еден број на независни царства, некои силни, некои слаби. Каква е состојбата на настаните од тогаш па наваму. **НЕ ПОСТОЕЛО 5 НЕОСПОРНО НАСЛЕДОВАТЕЛНО ЦАРСТВО НА 4-ТЕ ИМЕНУВАНИ, ЧИИ ПОДРАЧЈА ЈА ВКЛУЧУВАА ЗЕМЈАТА ИЗРАЕЛСКА.** Многу обиди се направени, но сите пропаднале: Филип II шпански, Наполеон I, каизер Вилхелм II, Хитлер... Денес ги гледаме европските земји во обид да се здружат во една обединета целина. Каква волја за докажување! (Но Европа не го вклучува Израел) Вистинити беа зборовите на пророкот: "нема да се слеат едно со друго, како што железото не е слеано со глината".

Кој можеше да го предвиди сето тоа пред 2500 год.? Кој можеше да тврди толку сигурно дека ќе бидат 4 царства, не 3, или 5, или 6? Кој, во неколку смели потези, можеше да ги оцрта извонредните настани од нивната историја, и нивниот след со таква страшна прецизност? Можеше ли било кој човек? По сé што знаеме од човечките предвидувања, мораме да одговориме, Не. Забележуваме дека Даниел ја оповргна сета заслуга за својата порака:-

> 'Великиот Бог му даде на царот да разбере што ќе се случи потоа. И верен е тој сон и точно е неговото толкување' (Даниел 2:45).

Мажи и жени од сите времиња кои го проучувале тоа пророштво ја најдоа за сигурна основата за верба во Бога и Неговото Слово. Тоа е верба која ти, што ги читаш зборовиве, сигурно треба да ја споделуваш.

## ДЕЛ ОД ПРОРОШТВОТО СЕУШТЕ ИДНИНА

Повеќе, за цврстото, прецизно исполнување на Даниеловите зборови нé тера да погледнеме со обновен интерес во последниот стадиум на пророштвото. Што ќе помислиме за тој мал камен што падна со разбивачки чин врз нозете од ликот, смрскувајќи го во прав, и потоа нараснувајќи во голема планина - исполнувајќи ја целата земја?

Ако ликот го претставуваше царството човечко, јасно дека каменот претставува некоја сила вон човечка управа, која ќе се уреди за светска сила врз рушевините на човечки влади. Овие тој "ќе ги победи и разруши". Ова објаснување го даде Даниел:-

> "И во деновите на тие царства (т.е. разделена состојба на народите) небесниот Бог ќе подигне царство, кое нема да се разруши никогаш, и тоа царство нема да биде предадено на друг народ... тоа ќе остане вечно" (Даниел 2:44).

Ова е едно од многуте ветувања во Библијата дека Бог не се откажал од земјата. Тој има направено план - Голем План - за човечкото спасение, и планот ја усредоточува особата Господова Исус Христос. Промислените читатели веќе можат да го идентифицираат каменот "откачен... сам" со оној кој беше роден Спасител на човештвото, 'откачен', како што беше, од планината на човештвото, не со човечки раце, туку со Божја сила, во чудото на неговото раѓање. Исус, фактички, говореше за својата улога како каменот - "Каменот, што го отфрлија ѕидарите", и продолжи, "кој падне врз тој камен, ќе се разбие; а тој врз кого падне, ќе го здроби" (Матеј 21:42-44).
Сите знаци покажуваат дека наскоро каменот ќе падне со разорен ефект врз зачудениот свет. Дали ќе ја избегнеш идната пропаст? Дали ќе ги споделуваш ползите на Божјото царство, за кое Исус доаѓа да го воспостави на земјата?
Само Исус има моќ да спаси.

Но пред да го оставиме пророштвото на Даниел, да забележиме оти учењето за сонот Навуходоносоров беше обработено во визија видена од самиот Даниел запишана во 7то погл. со негово име. Симболиката е изменета и подробно проширена користејќи ги ликовите на 4 ѕверови да се претставаат 4те големи царства прикажани во сонот на Навуходоносор. Еквивалент на дотичното Божјо царство од Дан.2:44 е даден во зборовите на Дан.7:27 како што следи:-

> "а царството и власта и царското величие по целиот поднебесен свод ќе му се даде на народот од светиите на Севишниот, чие царство е царство вечно и сите големодостојници ('области' изв. евр. текст) ќе му служат и ќе му се покоруваат нему".

## БОЖЈОТО ЦАРСТВО

Но никој од нашите читатели нека не мисли дека единствените старозаветни пророштва за идното Божјо царство се оние во двете поглавја од книгата на Даниел за кои говоревме. Да ја илустрираме оваа точка ние погледнуваме во книгата на пророкот Исаија каде деталите за Божјото идно царство се дадени во едноставен јазик т.е. без симболика. Поради многуте препораки во книгата на овој пророк, Исаија е наречен пророк на Царството. Ги препорачуваме следниве цитати за вниманието на нашите читатели:-

> "И ете, во последните дни горатa на домот Господов ќе биде поставена на врвот од планините и ќе се возвиси над ридовите, ќе појдат кон неа сите народи. Ќе тргнат многу народи и ќе речат: Дојдете, да се искачиме на горатa Господова, во домот на Бога Јаковов; Он ќе нé научи на Своите патишта, и ќе одиме по патеките Негови; зашто од Сион ќе излезе законот, и од Ерусалим - словото Господово. И ќе им суди Он на народите и ќе изобличи многу племиња; ќе ги прековаат мечевите свои во плугови, а копјата свои - во српови: народ против народ нема да крене меч и нема повеќе да се учат на војна" (Исаија 2:2-4).

> "Ете, Господ Бог иде со сила и мишката Негова е со власт. Ете, наградата Му е со Него, а отплатата Му е пред лицето Негово" (Исаија 40:10).

Еднакво важни се и препораките на условите за спасение. Од нив избираме една од Исаија (66:2):-

> 'еве на кого ќе погледам: на смирениот и паднатиот со дух и на оној што трепери пред Моето слово'.

## ДАНИЕЛОВОТО ОБЈАСНУВАЊЕ

Ова објаснување не е инвенција од издавачите на оваа серија лекции. ПРОЧИТАЈ го Даниел 2. Даниел рече:-

> "Бидејќи ти виде дека каменот што падна од планината сам, го раздроби железото, бакарот, глината, среброто и златото. Великиот Бог му даде на царот да разбере што ќе се случи потоа. И верен е тој сон и точно е неговото толкување" (Даниел 2:45).

## БОЖЈОТО ЦАРСТВО

Како што Медо-Персија го наследи Вавилон; и Рим Грција; како што е сигурно дека немаше 5то распространето царство, така и последниот дел од пророштвото ќе биде исполнето.

> "во деновите на тие царства небесниот Бог ќе подигне царство, кое нема да се разруши никогаш... тоа ќе ги победи и разруши сите царства, а само тоа ќе остане вечно" (Даниел 2:44).

Малиот камен го уништи ликот што ја претставуваше човечката управа низ вековите и нарасна во голема планина која ја исполни земјата. Малиот камен го претставуваше царството Божјо.

Даниел го заклучи пророштвото велејќи: "верен е тој сон и точно е неговото толкување".

Ова е само едно од многуте пророштва што нé уверуваат дека Божјата цел со земјата ќе биде исполнета.

## УЧЕЊЕТО НА СТАРИОТ И НОВИОТ ЗАВЕТ

Најди ги во Библијата овие два пасуси што ги виде во задната лекција. Броеви 14:21 и Дела 17:31.

Кога ќе се уреди царството Божјо, ќе има божествена правда во начинот на управа на царството. Нема да има никакво угнетување ниту прогонување.

> "Ќе суди, не според тоа како што очите Негови гледаат; и ќе ги решава делата, не според тоа како што ушите Негови слушаат. Он ќе им суди на сиромасите по правда, и делата на страдалците во земјата ќе ги решава според вистината" (Исаија 11:3-5).

Тогаш зборовите од Броеви 14:21 ќе бидат исполнети како што и ангелите пееја при раѓањето на Исус. Кога Исус ќе биде цар над целата земја, ќе има:

> "Слава на Бога во висините, а на земјата мир и меѓу луѓето добра волја" (Лука 2:14).

Последната книга од Библијата ја опишува состојбата на настани кои ќе бидат кога Божјата цел ќе биде остварена:-

> "И чув висок глас од небото како зборува: Ете ја скинијата на Бога меѓу луѓето, и Он ќе живее со нив; тие ќе бидат Негов народ, а Сам Бог ќе биде со нив - нивни Бог. И ќе ја избрише Бог секоја солза од очите нивни, и смрт нема да има веќе; ни плач, ни пискот, ниту болка нема да има веќе, бидејќи поранешното помина" (Откровение 21:3-4).

## ВИСТИНСКО ЦАРСТВО

Петар беше говорникот за другите ученици кога го праша Исуса: 'ние оставивме сé и по Тебе одиме: што ќе стане, пак, со нас?' (Матеј 19:27). Одговорот на Исус е битен. Тој истакна оти царството што го учеше е вистинско царство во кое ќе учествуваат неговите ученици:-

> "вие што врвите по Мене, при повторното раѓање, кога Синот Човечки ќе седне на престолот на славата Своја, ќе седнете и вие на дванаесет престоли и ќе судите над дванаесетте Израилеви колена; и секој што остави куќа, или брат, или сестра... ќе добие живот вечен" (Матеј 19:28-29).

## ИСУС ЌЕ ДОЈДЕ ПОВТОРНО

За да се воспостави вистинското царство на земјава, Исус ќе дојде повторно. Кога се вознесе на небо при крајот на својата служба, ангели им рекоа на учениците:-

> **"Овој Исус, Кој од вас се вознесе на небото, ќе дојде пак по истиот начин, како што Го видовте да оди на небото" (Дела 1:11).**

Враќањето на Исус да ги издејствува финалните етапи на Божјата цел со земјата е повеќе расправана во покасните лекции. Учењето на многуте Исусови параболи покажува дека при неговото враќање праведните биваат наградени. Затоа, е многу важно да сме подготвени за неговото доаѓање.

**ЗБИР**

**Библијата ја истакнува правичноста и правдата Божја како и Неговата љубов.**
**Бог не намерава да допушти светот да ја продолжи сегашнава состојба.**
**Бог ќе се замеша во светските настани и божествена управа ќе биде воспоставена со Исус како цар.**
**Отцртот на светски настани даден во Даниел 2 нé уверува дека конечните етапи од Божјиот план сигурно ќе се случат.**
**Кога Исус ќе се врати да владее со царството Божјо, неговите следбеници ќе бидат наградени со места во неговото царство, но треба да бидат подготвени за неговото доаѓање.**

| ПАСУСИ ЗА ЧИТАЊЕ ОД БИБЛИЈАТА | | | |
|---|---|---|---|
| Исаија 11; | Исаија 35; | Матеј 19 и 25; | Даниел 2. |

ЛЕКЦИЈА 3 ТЕСТ

Подвлечи го одговорот на секое прашање и пренеси ги на задната страна
1. Бог толку го љубеше светот што...
   а) испрати сезони б) Го даде Својот единороден Син
   в) обезбеди ангели г) Го даде Законот
2. Кое беше второто светско царство претставено во сонот на Навуходоносор?
   а) Вавилон б) Грција в) Рим г) Медо-Персија
3. Што виде Навуходоносор дека го удира ликот во својот сон?
   а) еден идол б) камен в) рака г) меч
4. Што пееја ангелите за земските услови кога Исус ќе е цар?
   а) сите ќе си угодуваат по волја б) сите ќе се меѓусебно љубезни
   в) никој не ќе мора да работи г) ќе има мир на земјата
5. Кој ќе го владее светот во правда?
   а) Божјиот Син б) апостол Павле в) апостол Петар г) пророкот Илија
6. Во Даниел 2 читаме: 'во деновите на тие царства небесниот Бог ќе подигне царство' кое ќе трае: а) 6000 години б) цел век в) вечно г) 100,000 години
7. Исус им вети на своите ученици дека ќе
   а) имаат благосостојба и напредок
   б) седат на престоли да им судат на племињата израелски
   в) имаат успех и среќа
8. Ни кажува ли Библијата дека Бог намерава светот да продолжи во сегашнава состојба? а) да б) не в) не знам г) Библијата не кажува
9. Каде е Исус сега? а) на земјава б) на небо в) в гроб г) во земјата израелска
10. Павле им рече на народот во Атина (Дела 17) дека Бог даде гаранција оти светот ќе биде управуван во правда од човекот што Бог го избра. Што беше гаранцијата? а) раѓањето на Исус
   б) распетието в) неговото воскресение

**Оваа брошура е снабдена бесплатно за објавувањето на евангелието по светот од: CARELINKS MINISTRIES, PO Box 152 Menai NSW 2234 AUSTRALIA www.carelinks.net email: info@carelinks.net .**

ЛЕКЦИЈА 4

# Смрт

Катастрофата секогаш е насловна вест. Ненадејната и насилна смрт поттикнува љубопитност; но самата тема 'смрт' не е ниту новост ниту, сепак необично, причинува многу интересирање. Сепак, во времето кое беше потребно да ги прочиташ претходните две реченици, е проценето дека 25-30 луѓе умреле (т.е., преку 6250 луѓе на час или 150.000 дневно). Еден ден ти ќе бидеш еден од нив! Шансите не се дека можеш да бидеш вмешан во некоја од катастрофите, кои се причина за релативно неколку умирања, но дека еден иначе обичен ден твојата секојдневна рутина ќе замре и светот ќе продолжи понатака без тебе. Затоа едно проучување на темата смрт е од примарно значење.

Помислите за смртта покренуваат прашања: 'Што сум јас?' 'Што се случува со мене кога умирам?' 'Каде се вклопувам во Божјата цел за создавањето?'

Во основа има три можни става кон смртта:-
**1. Да се игнорира**
**2. Да се земе ставот дека не е она што се чини дека е**
**3. Соочување со нејзината чиста реалност и барање излез за бекство.**
Да ги погледнеме одблиску овие три става.

## 1. ИГНОРИРАЊЕ НА СМРТТА

Ова е ставот на растечката група од оние кои се под влијание на западната култура. Достигнувањата на материјализмот, филозофијата која преовладува во западното друштво, се фокусирани во науката. Научниот приод кон животните проблеми се справува со тие работи кои можат да се одмерат. Шпекулациите како 'Што се случува по смртта?' не се пригодни за научниот метод и затоа најчесто се игнорирани.

Многу луѓе, заслепени од збунителниот ред чуда што ги произведе науката, ги отфрлаат сите помисли за смртта од својата свест колку што е можно повеќе.

## 2. СТАВОТ ДЕКА СМРТТА НЕ Е ОНА ШТО СЕ ЧИНИ ДЕКА Е

Ова е вековниот стар поглед прифатен од големото мноштво светски религии. Смртта, се вели, не е крајот на животот туку порта кон вечноста. Во коренот на големата разноврсност на облици кои ова верување ги зема е поимот дека човекот има 'бесмртна душа'; оти има нешто во човекот што не може да умре, а кое при смртта се ослободува од телото и живее понатаму во поинаков облик.

Но овие идеи неможат да се докажат од искуство ниту од религиските светски книги кои, освен Библијата (2Тим.3:16), се само шпекулации на умови кои тапкаат во темно. Експериментите со телепатија и екстрасензорна перцепција докажуваат дека има уште работи за човекот него што науката има откриено, но не докажуваат оти 'нешто' живее и понатаму кога умира телото. На човекот му треба уверливо откровение од Бога, неговиот Творец, по темата смрт.
Библијата е единствената книга која го обезбедува тоа. Таа бара од човекот

## 3. СООЧУВАЊЕ ЧИСТАТА РЕАЛНОСТ И БАРАЊЕ ИЗЛЕЗ

**НИКАДЕ ВО БИБЛИЈАТА НЕМОЖЕ ДА СЕ НАЈДЕ ИДЕЈАТА ДЕКА ЧОВЕКОТ ИМА БЕСМРТНА ДУША КОЈА ЖИВЕЕ ПОНАТАМУ ПОСЛЕ СМРТТА.**
Ова можеби ќе ги шокира оние кои држат православни христијански верувања. Но Библијата вели:

> "Живите знаат, дека ќе умрат, а мртвите ништо не знаат". Во "гробот, каде што ќе појдеш, нема ни работа, ни размислување, ни знаење, ни мудрост" (Еклизијаст 9:5,10).

Овој факт можеби не е многу угоден за размислување но треба да е причина за понизност и треба да поттикне остварување на човечката итна потреба за пат на бекство.

## СПАСЕНИЕТО ПОЧНУВА СО ПОНИЗНОСТ

Бог објави: "еве на кого ќе погледам: на смирениот и паднатиот со дух и на оној што трепери пред Моето слово" (Исаија 66:2). Описот "смирен" значи дека човекот препознава оти нема ништо вредно дури е смртен. Зборот "паднат" значи понизност. Човекот природно е поносно суштество. Идејата за имање бесмртна душа е привлечна на неговиот вроден понос. Но ако ја сакаме целата вистина, ќе направиме добро ако ги отстраниме сите однапред стекнати идеи, колку и да се ласкави, и внимателно да размислиме што Бог открови за природната состојба на човекот.

## ЧОВЕЧКАТА ПРИРОДА

Библијата оди до самиот корен на оваа важна тема. Таа кажува како, во почетокот на човечкото постоење, се изроди смртта. Записот за првите човечки суштества, Адам и Ева, не е никаков мит! Обзирни го длабокото значење на фактите запишани во почетното поглавје на Библијата.

> "Го создаде Господ Бог човекот од прав земен и му дувна во лицето дух животен; и човекот стана жива душа" (Битие 2:7).

Адамовото тело беше составено од елементи кои ја формираа основата на сета материја. Овие елементи беа обликувани од семоќниот Творец во чудесната сложеност на човечкото тело, со сите свои деликатни и меѓусебно поврзани органи. Во основа истото чудо се појавува денес со бебешкиот развој во матката. На Адамовото тело од прав му беше даден живот од Бога кој "му дувна во лицето дух животен" и она што иначе ќе беше безживотно тело "стана жива душа".

## ДУШАТА

Душата е таинствено, неопишиво, но лесно препознатливо својство внесено во мртвата материја. Нема никаков доказ да предлага дека животот може да постои независен од телото. Библијата открива и искуството покажува дека 'телото' и 'животот' се зависни меѓусебно и заедно сочинуваат 'душа жива' или 'суштество'. Зборот 'душа' нашироко се применува во Библијата за обете човечки и животински созданија. Преведуван е: 'свест', 'ѕвер', 'човек', 'битие', но никогаш ни на кој начин не е поврзуван со поимот бесмртност.

## ДУШАТА ЖИВА

Изјавата во Битие 2:7: 'и човекот стана жива душа' значи дека човекот стана живо суштество како и сите други суштества што ги создаде Бог. Види во Еклизијаст 3:19-20: 'Зашто сé што се случува со синовите човечки, се случува и со животните; крајот им е ист: како умираат едните, така умираат и другите, и едно е дишењето кај сите, и човекот нема предимство пред добитокот, зашто - сé е суета! Сé оди на едно место: сé произлегува од земја, и сé ќе се врати во земјата.' Зборот "душа" значи "суштество". Душата е човекот. Душата неможе да живее и понатаму одвоено од човекот или животното. Цитираните стихови покажуваат дека човекот е наполно зависен од Бога за својот живот. Ако Бог го повлече здивот, или духот, животен од човекот, тој станува мртво суштество. Битно е да се сфати тоа, пошто многу христијани мислат дека човекот има една бесмртна душа која опстојува после смртта. Ова не е учено во Библијата. Ова беше, заправо, змиската измама во градината едемска. Таа ѝ рече на Ева: "Не, вие нема да умрете" - директна противречност од она што им го рече Бог на Адама и Ева. Еклизијаст 12:7 ја докажува човечката зависност од Бога за своето постоење: "И ќе се врати правот во земјата, како што си бил; а духот ќе се врати кај Бога, Кој го дал". Не докажува дека човекот оди на небо кога умира. Види во Јован 3:13 и нарочито забележи ги зборовите: 'Никој не се искачи на небото'. Човекот умира заради гревот: 'која душа греши, таа ќе умре'. А во Римјани 3:23 читаме: 'сите згрешија и се лишени од славата Божја.' Затоа следи дека сите умираат и биваат несвесни до воскресението. 1Кор.15 расправа донекаде за надежта на воскресението.

## ЧОВЕКОТ- СУШТЕСТВО ЗА БОЖЈА ВОЛЈА

Целта за човечкото создавање беше, како и со она од сето создание, за Божја волја.

"Ти си создал сé, и според Твојата волја постои сé и е создадено" (Отк.4:11).

За разлика од животинското создание, на човекот му беше дадена слободна волја да се покорува или непокорува, како би користел извесен степен на избор врз своето однесување. Можеме да сфатиме колку повеќе задоволство човекот би можел да Му даде на Бога со користење на своето слободоволие да Му удоволи на Бога а не себеси. Тоа е задоволство кое, во помал размер, го добиваат родителите од децата кои волно им се покоруваат и почитуваат.

## ПАДОТ ЧОВЕЧКИ

Да се испита човечкиот одзив во употребата на своето слободоволие, Бог им даде едноставен испит на Адама и Ева. Им беше речено: "Од секое дрво... можеш да јадеш, освен од дрвото за познавање на доброто и на злото; од него не јади; зашто во оној ден кога ќе вкусиш од него, ќе умреш" (Битие 2:16-17).

Човекот не успеа и така ја надви врз себе смртната пресуда. Адам и Ева беа искушани од предлогот на змијата дека ќе бидат како богови, познавајќи го доброто и злото, и зашто плодот изгледаше примамлив и вкусен. На овој начин нивната гордост и похот ги совлада. Овие две својства ја обликуваа основата на човечкото однесување од тогаш па наваму. Внимателно забележи ги зборовите на змијата каде ја искушува Ева: "Не, вие нема да умрете" (Битие 3:4). Тоа беше лага, порекнување на Божјиот збор, лагата која ги формира темелите на човечко-создадените религии од тогаш па наваму.

## ОСУДУВАЊЕТО НА ЧОВЕКОТ

Адам и Ева беа подложени на исправната Божја осуда. Зборовите од изречената им пресуда се значајни зашто ни го даваат основниот опис за смртта.

**"Зашто си земја, и во земја ќе се вратиш" (Битие 3:19).**
Т.е., кога умира човекот престанува со постоење и се растворува во елементите од кои е направен.

"Излегува духот негов, и тој се враќа во земјата своја: во тој ден
исчезнуваат сите негови помисли" (Псалм 145:4).

Смртта е казна за непослушност. Откако Бог ја изрече оваа пресуда, Тој постави стражар да му оневозможи на човекот да вкуси од дрвото на животот: "па да заживее вечно!" (Битие 3:22).

## ГРЕВ

Смртта е казна за грев. "Која душа греши, таа ќе умре" (Језек.18:4).

Има едноставна логика во оваа изјава. ГРЕВОТ НОСИ СМРТ. Затоа е од крајна важност да се открие што е 'грев' ако сакаме да најдеме начин за одбегнување на вечната смрт. Грев е неверието во Божјото Слово и непокорност на Неговата волја. Неговите ефекти се општи.

**"Сите згрешија и се лишени од славата Божја" (Римјани 3:23).**

Адам и Ева ја пренесоа оваа кобна склоност на сите свои потомци. Оваа маана во човекот ја сочинува 'човечката природа' или она што Библијата го нарекува 'телесност', или 'душевност'.

Може да има многу облици,"Делата на телото се познати. Тие се: прељубодејство, блудство, нечистотија, бесрамност, служење на идоли, магии, непријателство, кавги, ревнувања, гнев, расправии, несогласности, ереси, зависти, убиства, пијанство, срамни гостувања и други слични работи" (Галатјани 5:19-21).

Ова се природните последици на начинот на живеење во кој се впуштија Адам и Ева пред близу 6000 год. Упорното занемарување на Божјиот пат го доведе светот до неговата сегашна несреќна состојба.

## ЕДИНСТВЕНАТА НАДЕЖ

Во Лекција 2 некои од Божјите карактеристики беа разгледани. Некои од човечките беа сега накратко земени во обзир. Очевидната и запрепастителна спротивност е изразена од Бога во овие зборови:

> "Моите мисли не се ваши мисли, ниту вашите патишта се Мои патишта, вели Господ. Но, како што е небото повисоко од земјата, така се и Моите патишта повисоки од вашите патишта, и мислите Мои - повисоко од вашите мисли" (Исаија 55:8-9).

Јасно е тогаш, не само зошто човекот умира, туку и зошто мора да умре. Бог е исправен и Неговата праведност не може да им допушти на грешниците да живеат засекогаш. Но две од Божјите својства, се Неговата милост и Неговото проштевање. 'Во Тебе има простување' (Псалм 129:4). Има голема потреба за Божјото проштевање, бидејќи човекот не може да престане да греши.

> "Ако кажеме дека немаме грев, се лажеме сами себе, и вистината не е во нас" (1Јован 1:8).

Библијата подробно го опишува Божјиот пат - единствениот пат за ослободување од стегата на гревот и смртта. Патот, со еден опис, е 'преку верата'. Верата која ја бара Бог е многу особено својство. Опишана е како "претстава за она, на кое се надеваме, и докажување на она, што не се гледа" (Евреи 11:1). Верата не е слепо лековерие или верување во апсурдното. Таа е потполно доверие во Бога и цврсто верување дека Тој навистина мисли да го спроведе ветеното, дури и ако неговото исполнување изгледа невозможно. Нашата вера тогаш треба да се докаже со послушност кон Божјите заповеди. Единаесетото поглавје од Писмото до Евреите опишува многу практични примери на вера. Најистакната између нив е верата покажана од Авраам.

> "Му поверува Аврам на Господа Бога, и тоа му се прими за оправдание" (Битие 15:6).

Верата му беше тогаш докажана со неговата послушност кон Бога.

**Прочитај го Јаков 2:17-26.**

Така верата и послушноста можат, во Божјата милост, да обезбедат простување на нашите гревови и, последично, да биде совладана смртта. **ОВА Е ЕДИНСТВЕНАТА НАДЕЖ КОЈА ЈА ИМА ЧОВЕКОТ ЗА ДОБИВАЊЕ БЕСМРТНОСТ.** Вечниот живот е, всушност, еден дар.

> "Дарот Божји е живот вечен во Христа Исуса, нашиот Господ" (Рим.6:23).

Начинот на кој ова беше овозможено со жртвата на Исуса Христа е расправано во покасна лекција. Вечниот живот ќе биде даден во идно време кога ќе има воскресение на мртвите.

> "Многумина од оние што спијат (т.е кои се мртви) во земниот прав ќе се разбудат - едни за живот вечен" (Даниел 12:2).

Тогаш оние кои ќе бидат заслужни за овој вреден дар ќе бидат променети во бесмртни суштества. Воскреснувањето на мртвите може да звучи неверојатно но тоа е една од оние работи за кои Бог бара од нас да веруваме. Ние знаеме дека сé е можно со Бога.

Воскресението ќе настане кога Исус Христос ќе се врати на земјата.

"Сам Господ... ќе слегне од небото, и најнапред ќе воскреснат мртвите" (1Солуњани 4:16).

Некои од знаците кои ни говорат дека овие важни настани се многу блиску ќе бидат објаснети во Лекција 9 на овој курс. Ние треба да сме подготвени за тој ден.

**ЗБИР**

1. Смртта е крајот на животот, не порта кон вечноста.
2. Спасението започнува со понизност.
3. Смртта е причинета од гревот.
4. Грев е неверието во Божјото Слово и непокорување на Неговата волја.
5. Човекот не може да престане да греши.
6. Човекот може да стекне опрост со верување во Божјото Слово и со покорност на Неговата волја.
7. Вера е верувањето во Божјото Слово и се покажува со послушност.
8. Вечниот живот е Божјиот дар, за давање на Неговите верни деца.
9. Вечниот живот ќе се даде по воскресението, кога Исус ќе се врати на земјава; ова е единствената надеж на човекот за добивање бесмртност.

**ПАСУСИ ЗА ЧИТАЊЕ ОД БИБЛИЈАТА**
**Битие 2 и 3; Псалм 48 и 145; Еклизијаст 9; Римјани 5 и 6; 1Коринтјани 15.**

**ЛЕКЦИЈА 4 ТЕСТ**

Подвлечи го одговорот на секое прашање и пренеси ги на задната страна.

**1.** Која од следниве изјави е вистинита?
а) смртта е резултат на гревот б) сите грешат
в) вечниот живот е Божји дар г) добрите не умираат

**2.** Кој стих во Библијата покажува дека смртта е потполна бесвесност?
а) Изреки 9:5 б) Језекија 9:5 в) Еклизијаст 9:5 г) Естир 9:5

**3.** Кое човечко својство го бара Бог од лицето кое бара спасение?
а) гордост б) благосостојба в) понизност г) радост

**4.** Библијата учи дека Бог го создаде човекот од
а) друг вид суштество б) земниот прав в) водата г) не го создаде

**5.** Што е 'жива душа'? а) живо битие б) око
в) дел од телото што живее вечно г) бесмртно битие

**6.** Зошто беше создаден човекот?
а) да ги пази животните б) да ја одгледува земјата
в) за Божјо задоволство г) за свој ќеф

**7.** Која беше казната за непокорот на Адам Ева?
а) беа осудени да умрат б) беа претепани
в) Бог во целост ги отфрли г) беа каменувани

**8.** Што е грев? а) телесниот ум б) смрт
в) престап на Божјиот закон г) човечката природа

**9.** Вера е: а) верување во неможното б) познавање на Божјите планови
в) верба во непознатото г) претстава за она, на кое се надеваме, и докажување на она што не се гледа.

**10.** Библијата учи а) дека нема надеж б) воскреснување од мртвите
в) за задгробен живот за сите г) за бесмртност во небото за праведните.

**Оваа брошура е снабдена бесплатно за објавувањето на евангелието по светот од: CARELINKS MINISTRIES, PO Box 152 Menai NSW 2234 AUSTRALIA www.carelinks.net email: info@carelinks.net .**

ЛЕКЦИЈА 5

# Божјите ветувања

Лекција 4 прикажа, од Библијата, зошто умира човекот, за природата на смртта и за единствената надеж на спасение од вечниот гроб. Во лекција 5, со разгледување на некои од Божјите ветувања, ќе добиеме поголемо разбирање за развојот на библиското откровение за тоа спасение.

## ВЕТУВАЊЕ ЗА ИЗБАВУВАЊЕ

Во почетокот, по непослушноста на Адам и Ева, во клетвите што ги изрече Бог по исход на човечкиот грев, едно кратко ама прекрасно ветување обезбеди зрак на надеж. Доаѓа во стих кој не е лесен за разбирање; на змијата: "ѝ рече Господ Бог... ставам непријателство меѓу тебе и жената и меѓу родот твој и породот нејзин. Он ќе ти ја гази главата, а ти ќе го каснуваш во петата" (Битие 3:14-15).

Целосното објаснување на ова ветување е надвор од делокругот на оваа лекција, но, како што се здобиваме со поголемо знаење за Божјиот план за спасение, јасно е дека овде го има првото ветување оти гревот конечно ќе биде совладан од еден од Евините потомци. Гревот ќе задобие смртен удар но потомокот кој ќе го стори тоа ќе биде само привремено повреден (во фигуративен говор - повреда на главата и повреда на петата). Тоа е ветување за идниот Спасител, и Библијата не остава простор за сомневање дека овој Спасител е Исус Христос према кого покажуваа сите Божји ветувања.

## БОЖЈОТО ВЕТУВАЊЕ ВО ЕДЕМ

Змијата, заради улогата што ја имаше во престапот на Божјиот закон од Адам и Ева, стана симбол за грев. Исус го употреби истиот термин за своите непријатели, обраќајќи им се на фарисеите со зборовите: "Змии и породи аспидини". Газењето на главата, една кобна повреда за змија, го ветува конечното уништување на гревот и смртта. Семето женино е уништувачот, и со спроведувањето на делото добива каснување во петата, повреда од која може да се опорави.
Внимателното читање на Библијата ќе покаже дека оваа парабола за семето женино говори за животот, смртта и воскресението на Господа Исуса Христа, со кое што се здоби со победа врз гревот и смртта и го трасира патот кон вечен живот за сите кои веруваат во него.

Наговестување за идентитетот на семето женино е дадено во зборовите: "ете, девица ќе зачне во утробата своја и ќе роди Син, и ќе го наречат Емануил". Ова беше цитирано во пораката на ангелот до Јосифа кажувајќи му дека неговата прифатена сопруга Марија ќе "роди Син и ќе Му ставиш име Исус, зашто Он ќе го спаси народот Свој од неговите гревови. А Сето тоа стана за да се исполни кажаното од Господа преку пророкот", и потоа следи цитат од Исаија 7. Апостол Павле коментира: "кога се исполни времето, Бог го испрати Својот Син, Кој се роди од жена и се потчини на Законот".

Со Исусовата победа врз гревот и смртта, змијата (гревот) беше повредена во главата, т.е. потполно уништена, што се однесуваше до Христа; во процесот тој доби, со својата смрт на крстот и својот краток престој во гробот, повреда во петата, како што претскажа пророкот Исаија: "беше изнаранет за нашите гревови и мачен заради нашите беззаконија". Првата етапа од Божјиот план беше со тоа исполнета. Но Христос беше тек првина. Во други две етапи ќе има жетва која во целост ќе го изврши уништувањето на гревот и смртта.

Втората етапа ќе биде завршена кога Христос ќе се врати да ги награди своите пријатели - тоа ќе бидат оние кои го правеа она што им го заповеда. Нив ќе ги воскресне од мртвите, и ќе им дари вечен живот, да имаат на земјата, да управуваат со Христа врз народите кои ќе му се подложат при неговото враќање, оваа етапа трае 1000 години.

Третата и завршна етапа ќе биде на крајот на илјадалетието, кога ќе има конечен суд, и гревот и смртта ќе бидат целосно уништени. Христос "треба да царува додека не ги стави под нозете Свои сите непријатели. А најпоследниот враг за уништување е смртта". Како што

неверието донесе смрт, така верувањето во евангелието и послушноста во баптизам и продолженото вршење добри дела можат да донесат вечен живот.

## РАЗВОЈНИОТ БОЖЈИ ПЛАН

Како што ни го открива Библијата Божјиот план, темата за спасение е развиена на многу начини. Истакнати меѓу нив се карактерните проучувања на избраните 16 поединци чии животи беа добри или лоши примери на вера (т.е. кои веруваа и беа послушни кон Бога, и оние кои не беа). На многу од верните Бог им даде извонредни ветувања кои ќе се разгледаат во оваа и покасни лекции. Во оваа лекција ќе погледаме во два важни карактера, обата врвни примери на вера, чии животи се запишани во книгата на Битие.

## НОЕ

Како што растеше бројот на потомците од Адам и Ева, склоноста кон грев, што ја наследија од своите неврачунливи родители, почна да се појавува. Битие поглавје 6 бележи:

> "Бог (виде) дека лоштотиите меѓу луѓето на земјата се големи, и дека сите мисли и помисли во срцата нивни беа зли во секое време" (Битие 6:5).

Таква беше состојбата на човештвото што "се покаја Бог што го беше создал човекот на земјата, па се огорчи во срцето Свое" (Бит.6:6).

Ное беше единствениот човек со кого Бог беше задоволен (види Бит.6:9). Бог одлучи да направи нов почеток со Своето создание и да го употреби Ное во таа цел.

> "И му рече Господ Бог на Ноја: Крајот на секое тело пред очите Мои дојде, зашто се исполни земјата со неправда од нив; и, еве, Јас ќе ги истребам нив од земјата" (Битие 6:13).

## ПОТОПОТ

Бог одбра да го потопи светот за сите суштества кои дишат воздух, вклучувајќи го и човекот, да бидат удавени. Многумина мислат дека записот од Битие за потопот е измислена приказна. Но ако го проучиме внимателно ќе најдеме дека постојат многу научни докази да ја поддржат вистинитоста на библискиот запис. Библијата го користи приказот со потопот за да поучи силно морални лекции. Животот на Ное стои како светол пример на вера наспроти неверието од негово време.

## БОЖЈОТО ВЕТУВАЊЕ

Семоќниот во тоа време објави дека никогаш повеќе нема да ја уништува земјата со потоп. Бог има цел со земјата и Бог вети дека засекогаш сезоните ќе си го следат својот ред и дека денот и ноќта ќе се следат помеѓу себе без ваков сличен прекин. Види Битие 8:21-22.

## НЕКОЛКУМИНА СЕ СПАСЕНИ

Понатамошна лекција научена од овој запис е библиската вистина дека само релативно неколкумина се подготвени да Му веруваат на Бога и сходно тоа неколкумина кои ќе бидат спасени. Ова начело, така живописно изложено во приказот со потопот (1Петар 3:20), се применува исто така на далеку пославното спасение од вечна смрт. Исус Христос рече:

> "Влезете низ тесната врата; оти широки се вратите и широк е патот што води кон пропаст, и мнозина минуваат низ нив; а тесни се вратите и тесен е патот што водат кон животот, и малцина го наоѓаат" (Матеј 7:13-14).

Ова, и многу други библиски примери и изјави, фрлаат сомнежи врз светските религии кои ја тврдат следбата од на милиони 'верници'. Библијата учи дека спасението од вечна смрт е многу индивидуална работа, и дека малкумина биле, и се, подготвени да ги прифатат предизвикувачките побарувања што ги поставува Бог - тешкиот, тесниот пат на верата.

## АВРААМ

Авраам е еден истакнат пример на човек кој беше подготвен да прифати и успешно издржи многу ригорозни испити заради својата вера во Божјото слово.

## АРХЕОЛГИЈАТА ЈА ОЖИВОТВОРУВА БИБЛИЈАТА

Авраам живееше околу 2000 п.н.е. во еден древен град наречен Ур, кој беше сместен на предната страна од персискиот залив. Теренот на Ур беше ископан од археолози во скори времиња. Нивните откритија покажуваат дека градот бил дел од многу напредна цивилизација способна да гради големи куќи, палати и храмови и да произведува одлични уметнички дела. Археологијата го помогнува проучувањето на Библијата со тоа што ни дава јасни слики за одминатите векови. И сигурно го помага разбирањето на големината на Авраамовата вера, зашто Бог му заповеда:

> "Излези од земјата своја, и од родот свој, и од домот на татка си, па појди во земјата, што ќе ти ја покажам Јас" (Битие 12:1).

Од археолошките докази знаеме дека Бог бараше од Авраама да остави зад себе еден прилично лесен и безбеден живот, за да се соочи со опасностите на непознатото, каде Самиот Бог ќе му биде водич. Авраам, за разлика од Адам и Ева, поверува и послуша.

> "Со вера Авраам, бидејќи повикан, послуша... и тргна, не знаејќи, каде оди" (Евреи 11:8).

## ВЕТУВАЊАТА КОН АВРААМ

Верата на Авраам беше основана врз ветувања на благослови во придружба на Божјата заповед. Тој сфати дека, Бог, Семоќниот и Семудриот Творец, кога прави ветувања, тогаш тие сигурно ќе се исполнат. Бог му рече:

> "од тебе ќе направам голем народ, и ќе те благословам, и името твое ќе го прославам и ти ќе бидеш благословен. Ќе ги благословам оние, што тебе ќе те благословуваат, и ќе ги проколнам оние, што тебе ќе те проколнуваат и преку тебе ќе бидат благословени сите родови на земјата" (Битие 12:2-3).

Низ целиот долг живот на Авраам овие благослови беа повторувани многу пати, и секој пат, нешто беше додавано на изворното ветување. За целта на оваа лекција ние ќе ги разгледаме најзначајните точки од ветувањата под следниве наслови:

**1. Авраамовите потомци да ја поседуваат земјата ханаанска.**
**2. Авраамовите потомци да постанат голем народ.**
**3. Преку еден Авраамов потомок сите народи да бидат благословени.**

**1. Авраамовите потомци да ја поседуваат земјата ханаанска**

Земјата каде конечно го одведе Бог Авраама беше наречена Ханаан во древно време. Тоа е област која денес грубо се совпаѓа со државите Либан, Израел, Сирија и Јордан на источниот крај од Средоземното море (види Бит.15:18). Кога Авраам стигна во Ханаан Бог му рече:

> "Оваа земја ќе му ја дадам на твоето потомство" (Бит.12:7).

Ветувањето беше повторено подоцна:

> "зашто целата земја, што ја гледаш (ханаанска), ќе ти ја дадам тебе и на потомството твое довека" (Битие 13:15).

Особено забележи ги додадените зборови 'тебе' и 'довека'. Ако не беа овие два важни фактора, можевме да сфатиме дека ветувањето се однесува за освојувањето и поседувањето на Ханаан од Израелците во древно време како што е забележано во книгата Исус Навин. Ова беше, меѓутоа, само делумно исполнување зашто, прво, ветувањето беше до Авраам, како и до неговите потомци, и, второ, поседот беше за вечно располагање.

По првата точка, Библијата открива оти додека беше во Ханаан, Авраам бил како денешен бедуин и дека кога му умрела сопругата, тој мораше да купи парче земја за да ја погреби. Конечно тој умре, не добивајќи го ветеното наследство на земјата (Дела 7:2-5).

По втората точка, е јасно дека ниту Авраам, ниту неговите потомци, народот израелски, кои го поминаа поголемиот дел од своето национално постоење протерани од Ханаан, не го добија во посед засекогаш.

## ВОСКРЕСЕНИЕТО ГО СНАБДУВА ОДГОВОРОТ

Јасно тогаш, целосното исполнување на ова ветување мора да е сé уште иднина. Не бара никаков помал настан до воскреснувањето на Авраам и неговите вистински потомци, кои Библијата ги опишува како оние кои се налик на Авраам во покажувањето вера и послушност на Божјите заповеди. По воскресението тие, како бесмртни битија, ќе го поседуваат Ханаан засекогаш (Матеј 8:11).

Овие факти ќе станат појасни со разгледувањето на другите ветувања

**2. Авраамовите потомци да постанат голем народ**

Ова ветување се наоѓа низ целиот запис за животот Авраамов, и, во голема мера, е исполнето како што покажува Библијата (Бит.12:2; Бит.13:16; Бит.15:5; Бит.22:17).
Книгата Битие бележи дека синот Авраамов Исак, и внукот Јаков (кој беше преименуван во Израел) станаа изворни претци на народот од Израел. Тие живееја во Ханаан сé до времето на гладот, кога Јаков, го одведе своето семејство во Египет. Книгата Исход ни кажува како потомците на Јаков нараснаа во повеќе од 2 милиона народ и беа поробени од Египтјаните. Во 1500 п.н.е. Бог го испрати Мојсеја да ги ослободи и одведе во Ханаан. Книгата Исус Навин, Мојсеев наследник кажува како 12те племиња израелски го освоија Ханаан. Покасните книги на Библијата опишуваат, како се развивал Израел до 1000 п.н.е. кога станал големо и напредно царство, за владеењата на Давид и Соломон.

## НОВИОТ ЗАВЕТ ГО ОБЈАСНУВА ВЕТУВАЊЕТО

Библијата покажува дека по смртта Соломонова, Израел се отклона и беше конечно протеран од Ханаан бидејќи народот беше, воглавно речено, неверен и непокорен кон Бога (5Мој.28:15-68). Во Новиот Завет наоѓаме едно прекрасно изложување на ветувањето кон Авраам. Во писмото до Римјаните Павле објаснува дека "не сите што се од Израилот, се Израилци, ниту се, пак, сите семе Авраамово, за тоа што се негови чеда" (Римјани 9:6-7).

Ова воведува едно важно начело кратко посочено во разгледувањето на првото ветување. Големиот народ кој требаше да произлезе од Авраам не требаше да биде составен од неверни природни потомци туку од оние кои покажуваат слична вера како Авраам. Во секое поколение тие биле малкумина, но кога ќе бидат воскреснати од мртвите, кога Исус ќе се врати на земјата, ќе бидат собрани во еден голем народ. Тогаш Авраам ќе ги види своите бесмртни потомци, фалејќи го Бога за нивното спасение, обликувајќи "големо мноштво народ, кое што никој не можеше да го преброи, - од сите племиња и колена, народи и јазици" (Отк.7:9). Така ветувањето ќе биде исполнето во далеку попрекрасен начин отколку што беше во минатото.

**3. Преку еден Авраамов потомок сите народи да бидат благословени**

Меѓутоа, човештвото сé уште го нема добиено најголемиот од сите благослови кој се однесува за ова ветување - избавување од општата клетва на гревот и смртта. Библијата открива дека доаѓа време кога "целата земја ќе се исполни со славата Господова" (Броеви 14:21).

Има малку простор за Божјата слава додека човекот ја исполнува земјата со насилство и беда и додека гревот и смртта остануваат. Очито дека е потребна голема промена за да се издејствува тоа прекрасно време на благослов, за кое читаме во многу библиски пророштва (Пс.71; Иса.32). Колку и да е голема промената, нејзиното остварување е сигурно! Тоа е пораката на евангелието (благовестие) кое се учи низ целата Библија. Малкумина сфаќаат дека ветувањето дадено на Авраам 2000 години пред Христа, е основа на евангелието!

"И Писмото, како што предвидуваше, оти Бог преку верата ги оправдува иноверците, однапред му благовести на Авраама: Во тебе ќе бидат благословени сите народи" (Галатјани 3:8).

## ИСУС ХРИСТОС - АВРААМОВ ПОТОМОК

Централната фигура на евангелието, и према тоа, на ветувањата до Авраам е Исус Христос. Тој е истакнатиот потомок на Авраам. Новиот Завет започнува со зборовите: 'Книга за родословот на Исуса Христа... син Авраамов' (Матеј 1:1).

Продолжува со родослов кој го влече Исусовото потекло до Авраама и оваа тема се наоѓа низ целиот Нов Завет. Павле истакнува во своето писмо до Галатјаните дека за еден особен потомок се говори во ветувањето и дека е тоа Исус: "ветувањата му беа дадени на Авраама и на семето негово. Не е речено: и на семињата, како за множина, а за еден: и на семето твое, кое е Христос" (Галатјани 3:16).
Исус е откриен за повеќе отколку само за природен син Авраамов; во истото писмо е изјавено дека:

"оние, што се потпираат на верата, се синови Авраамови" (Гал.3:7).

Кога ќе си припомниме за библискиот опис на вера како верување и послушност кон Бога (чиста спротивност на гревот), јасно е дека Исус беше најголемиот од сите Авраамови бројни синови. Тој самиот од целата човечка раса можеше навистина да рече без страв од противречност: "Кој од вас може да Ме укори за неправда?" (Јован 8:46). Главната порака на Новиот Завет е дека Исус со својата вера го совлада гревот и така "ја уништи смртта и го осветли животот и нераспаѓањето преку Евангелието" (2Тимотеј 1:10).

## ЕВАНГЕЛИЕТО ПРОПОВЕДАНО ДО СИТЕ НАРОДИ

Во старозаветни времиња пораката на спасение (евангелието) беше привилегиран посед на народот израелски, но тие не успеаја да одговорат на барањата за верна покорност кон Бога. Тогаш дојде Исус и ги прати своите апостоли да го проповедаат евангелието за спасение до сите народи (Марко 16:15). Многумина го гледаат тоа, како исполнување на Божјото ветување, дека сите народи треба да бидат благословени во Исуса Христа, Авраамовиот потомок. Меѓутоа, тоа беше само чекор, иако голем, во Божјиот развојен план да ја исполни земјата со Својата слава. Исус знаеше дека релативно малкумина ќе ја прифатат оваа чудесна порака, бидејќи го вовлекува одењето по тесниот пат на верата; и сега, близу 2000 години покасно, проповедањето на евангелието не го издејствува благословот на сите народи.

## БОЖЈОТО ЦАРСТВО НА ЗЕМЈАТА

Сепак ова величествено време доаѓа! Исус Христос ќе се врати на земјата да ги воскресне сите кои се одговорни, вклучувајќи ги оние кои се 'облечени во Христа' и кои, према тоа, станаа наследници на ветувањата кон Авраам (Галатјани 3:27-29). Во тоа време благословот на Авраам ќе допадне врз сите народи преку неговиот потомок Исус Христос (Галатјани 3:14). Исус ќе биде цар над целата земја и царството Божјо ќе биде уредено, воведувајќи едно време на благослов какво што светот нема никогаш видено. Заради ова сите христијани се поучени да се молат на Бога: "да дојде царството Твое; да биде волјата Твоја, како на небото, така и на земјата" (Матеј 6:10).

## ЗБИР

1. Ветување за конечно избавување од гревот и смртта беше направено веднаш по падот на Адам и Ева.
2. Божјиот план за спасение е откриен во ветувањата дадени на верните Нему.
3. Записот за потопот покажува дека малкумина ќе бидат спасени.
4. Археолошките откритија ја потврдуваат точноста на Библијата.
5. Бог направи големи ветувања кон Авраама заради неговата вера.
6. Ниту едно од тие ветувања не е во целост исполнето.
7. Ветувањата посочуваат кон Исуса кој го совлада гревот и смртта.
8. Исус Христос може да ги спаси од вечна смрт сите оние кои, како Авраам, Му веруваат и се покоруваат на Бога.

**9.** Ветувањата ќе бидат исполнети кога Исус ќе се врати на земјата да го уреди царството Божјо.
**10.** Царството Божјо ќе донесе време на благослов на земјата, која потоа ќе биде исполнета со Божја слава.

| **ПАСУСИ ЗА ЧИТАЊЕ ОД БИБЛИЈАТА** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Битие 6,12,13,15,17,22;** | **5Мој.28;** | **Псалм 71;** | **Исаија 32;** | |
| **Јован 8;** | **Дела 7;** | **Римјани 4;** | **Галатјани 3;** | **Евреи 11.** |

**ЛЕКЦИЈА 5 ТЕСТ**
Подвлечи го одговорот на секое прашање и пренеси ги на задната страна.

**1.** Како се викаше човекот со кого Бог беше многу задоволен према записот во Битие 6:9? а) Адам б) Ное в) Енох г) Авел
**2.** Како ги уништи Бог злите луѓе во приказот содржан во Битие поглав. 6 до 8?
а) со земјотрес б) со глад в) со потоп г) со болест
**3.** Колкумина беа спасени во катастрофата од Бит.6-8? а) 8 б) 18 в) 88 г) 80
**4.** Како беа верните заштитени во катастрофата од Бит.6-8?
а) живееја во кораб б) Бог ги сокри в) на висока планина г) Бог ги зеде
**5.** Каде живееше Авраам пред да му се обрати Бог?
а) во Вавилон б) во Ветел в) во Содом г) во Ур
**6.** Во која земја го одведе Бог Авраама?
а) во Египет б) во Ханаан в) во Едом г) во Салим
**7.** Беше ли евангелиската порака проповедана до Авраам?
а) да б) не в) веројатно г) ние не знаеме
**8.** Кога ќе го прими Авраам конечното исполнување од Божјото ветување до него? а) веќе го примил б) ние не знаеме
в) кога ќе се врати Исус на земјата да го уреди Божјото царство
г) Авраам умре па така нема да го прими исполнувањето на ветувањето.
**9.** Кој беше најголемиот од Авраамовите потомци?
а) Јуда б) Јаков в) Јосиф г) Исус
**10.** Кои три од следниве му ги вети Бог на Авраам?
а) неговите потомци ќе ја поседуваат земјата ханаанска
б) ќе живее на небото засекогаш
в) неговите потомци ќе бидат голем народ
г) ќе има големи богатства веднаш
д) преку еден од неговите потомци сите народи ќе бидат благословени
ѓ) сите негови потомци ќе бидат верни на Бога
е) неговите потомци секогаш ќе ја помнат верата Авраамова

**Оваа брошура е снабдена бесплатно за објавувањето на евангелието по светот од: CARELINKS MINISTRIES, PO Box 152 Menai NSW 2234 AUSTRALIA www.carelinks.net email: info@carelinks.net .**

ЛЕКЦИЈА 6

# Господ Исус Христос

Оваа лекција ќе го земе во обзир Господа Исуса Христа - центарот на Божјата цел. Исус беше името дадено на малото бебе родено во Витлеем пред близу 2000 години. Името значи 'Спасител' и беше дадено по налог на ангелот: "ќе Му ставиш име Исус, зашто Он ќе го спаси народот Свој од неговите гревови" (Матеј 1:21). 'Христос' е всушност титула и значи 'помазаник', према тоа 'особено избран'. Исус беше ХРИСТОС исто како што беше говорено за Јован дека е КРСТИТЕЛ.

## БОЖЈАТА ЦЕЛ НА ПОЧЕТОКОТ

Во последната лекција беше покажано дека Бог планирал во самиот почеток, во Едем, да обезбеди Спасител - некој кој би ја совладал моќта на гревот. Лекцијата покажа дека, оној кој би донесол таков благослов врз човечката раса ќе биде од редот на Авраам. Марија позна дека нејзиниот син беше оној ветениот, и во нејзината Радосна Песна таа пееше: "Мојата душа Го велича Господа, и мојот дух се зарадува во Бога, Спасителот мој... го прифати Израилот, Својот слуга, сеќавајќи се на милоста, како што им зборуваше на татковците наши, на Авраама и на семето негово довека" (Лука 1:46-47 и 54-55).

## ДРУГИ ВЕТУВАЊА

Пророкот Даниел говореше за време кога ќе се појави Месијата. Пророкот Михеј пишуваше за местото на неговото раѓање. Матеј ја бележи посетата на мудреците кај Ирод. Забележи колку пати Матеј бележи дека се случуваат настаните во исполнување на зборовите од старозаветните пророци: Матеј 1:22; Матеј 2:5 и 15.

Божјата цел од почетокот беше да го прати Исус, и кога дојде време, Божјата цел беше ставена во дело. Јован напиша:

"Словото стана тело и се всели во нас (и ние ја видовме Неговата слава, слава како на Единороден од Отецот), полно со благодат и вистина" (Јован 1:14).

## ЗОШТО ДОЈДЕ ИСУС?

Еден познат стих цитиран порано во лекцииве вели: "Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој што ќе верува во Него, да не погине, но да има живот вечен" (Јован 3:16).

Исус беше даден на светот од Бога во една многу вистинска смисла. Ангелот Гаврил ѝ се појави на Марија да ѝ каже дека ќе има син. Марија праша како ќе биде тоа можно бидејќи беше девица. Ангелот одговори: "Светиот Дух ќе слегна на тебе и силата на Севишниот ќе те осени; па затоа и роденото ќе биде свето и ќе се нарече Син Божји" (Лука 1:35). Ова, исто така, беше предмет на пророштво како што бележи Матеј (Матеј 1:22-23).

## ЖРТВА

Можеби знаеш дека во старозаветните времиња, животните беа жртвувани како постојано потсетување за последиците на гревот и за начин на избавување. Човекот кој нудеше, познаваше дека смртта беше исход на гревот, и понекогаш мораше да се поврзува со смртта на животното во знак дека го познава тоа начело (Левит 1:3-4). Павле напиша: "платата, што ја дава гревот, е смрт" (Римјани 6:23).

Во писмото до Евреите, три точки за жртвувањата се направени многу јасни:
1. Жртвувањата во старозаветните времиња обезбедуваа потсетување на начелото дека гревот носи смрт - начело утврдено во почетокот (Евреи 10:3).
2. Бидејќи животните не сториле ништо лошо, тие го претставуваа само учењето: "Законот, имајќи ја сенката на идните добра, а не самиот образ на работите, никогаш не може со оние исти жртви, што се принесуваат секоја година, да ги усоврши оние, кои пристапуваат" (Евреи 10:1).

3. Жртвувањето животни никогаш не може да го отстрани гревот. "Бидејќи не е можно телешката и јарешката крв да ги премавне гревовите" (Евреи 10:4).

Библијата објаснува дека она што жртвувањето животни никогаш не можеше да го стори, можеше Исус со давањето на својот живот во совршена жртва: "а Он, принесувајќи само една жртва за гревовите, засекогаш седна оддесно на Бога" (Евреи 10:12).

## НОВ ПОЧЕТОК

Библијата покажува дека како што го донесе Адам гревот, и према тоа, смртта во светот со својата непослушност, така Исус со својот совршен живот, "го осветли животот и нераспаѓањето" (2Тим.1:10).

Бидејќи Исус живееше совршен живот, кога умре не беше можно да остане мртов (Дела 2:24). Бог го воскресна од мртвите.

За спротивноста помеѓу ефектот на Адамовата непослушност и ефектот на Исусовата послушност е говорено многу пати:

> "како што гревот влезе во светот преку еден човек, а преку гревот- смртта, по таков начин и смртта премина на сите луѓе преку еден човек, оти сите згрешија; како што преку непослушноста на еден човек мнозина станаа грешни, така исто и преку послушноста на еден, мнозина ќе станат праведни. та, како што гревот царува, предизвикувајќи смрт, така и благодатта да се зацари со правда за живот вечен, преку Исуса Христа, нашиот Господ" (Римјани 5:12,19,21).

Како што го следиме моделот поставен од Адам, така можеме да се поврземе со моделот поставен од Исус. Можеме да се поврземе со животот кој он дојде да го донесе:

> "како што по Адама сите умираат, така и во Христа сите ќе оживеат" (1Коринтјани 15:22).

## ПОТРЕБНА ВЕРА

Лекција 4 објасна дека човекот природно е смртен и умира и оти е потребна вера да го поврзе со животот што го понуди Бог. Таа лекција посочи дека тоа единствено е овозможено со делото Исусово:

"Оти, платата, што ја дава гревот, е смрт, а дарот Божји е живот вечен во Исуса Христа, нашиот Господ" (Римјани 6:23).
Значи спасението што го нуди Бог е условено:

> "Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него, да не погине, но да има живот вечен" (Јован 3:16).

Затоа Божјиот Син беше наречен Исус:

> "Он ќе го спаси народот Свој од неговите гревови" (Матеј 1:21).

## ДЕЛОТО НА ИСУС СЕГА

После своето воскресение Исус се вознесе на небо. При неговото вознесение, два ангела изјавија дека тој ќе се врати: "Овој Исус, Кој од вас се вознесе на небото, ќе дојде пак по истиот начин, како што Го видовте да оди на небото" (Дела 1:11). Петар рече оти Исус ќе остане на небо до времето "кога ќе се изврши сѐ" (Дела 3:19-21).

Исус ќе се врати да го исполни остатокот од Божјата цел со себе. Во меѓувреме, тој е посредник - помеѓу Бога и човекот. Тој е опишан како Првосвештеник кој може да посредува за нас кај Семоќниот: "еден е Бог, и еден е Посредникот помеѓу Бога и луѓето - Човекот Христос Исус" (1Тим.2:5).
Писмото до Евреите објаснува дека од причина што Исус го живееше својот живот на земјата и беше направен во секој поглед "да личи на браќата" (Евреи 2:17). Он може да разбере како се чувствуваме и да сочувствува со нашите потреби:

"Оти... немаме таков Првосвештеник, што не може да не соучествува во нашите слабости, туку таков, Кој искусил сé како и ние, освен грев. И така, слободно да пристапуваме кон престолот на благодатта, за да примиме милост и да најдеме благодат за благовремена помош" (Евреи 4:15-16).

**ЗБИР**

1. Исус беше роден со дејствувањето на Светиот Дух врз девица Марија. Тој, према тоа, беше Божји Син.
2. Името 'Исус' значи 'Спасител', и Божјата цел од почетокот беше да обезбеди излез од природните последици на човечкиот грев.
3. Платата на гревот е смрт. Жртвувањето животни обезбедуваше редовно потсетување на ова начело, но никогаш не можеше да го 'отстрани гревот'.
4. Исус ја обезбеди совршената жртва.
5. Исус е сега на небо каде е во состојба да биде Првосвештеник бидејќи има разбирање заради своето искуство.
6. Бог вети дека ќе го прати Исуса Христа назад на земјата да ја доврши Својата цел со него кога ќе се врати да биде цар.

**ПАСУСИ ЗА ЧИТАЊЕ ОД БИБЛИЈАТА**
**Матеј 1:18-25; Лука 1:26-38; Матеј 2; Јован 1:1-14; Лука 2; Римјани 5.**

**ЛЕКЦИЈА 6 ТЕСТ**
Подвлечи го точниот одговор за секое прашање и пренеси ги на задната страна

1. Името Исус значи: а) Спасител б) Помазаник
в) Спасител Помазаник г) Помазан Спасител
2. Која беше мајка на Исус? а) Елизабета б) Марија в) Марта г) Рут
3. Кој беше вистинскиот татко на Исус? а) Јосиф б) Давид в) Авраам г) Бог
4. Во Михеј 5:2 родното место на Исус кое е дадено е:
а) Назарет б) Витлеем Ефратов в) Витлеем Јудеин г) Галилеја
5. Животинските жртвувања во старозаветните времиња:
а) беа потсетник дека гревот носи смрт
б) беа за да се удоволи еден гневен Бог
в) беа резултат на суеверие г) беа за да обезбедат спасение
6. Зошто беше испратен Исус пред 2000 год.? да:
а) ги спаси Евреите б) биде совршена жртва за грев
в) ги нахрани сиромашните г) го уреди царството
7. Каде е Исус сега? а) в гроб б) на небо в) на земјава г) не знаеме
8. Дали ќе се врати Исус на земјава? а) да б) не в) не знаеме г) можда
9. Што прави Исус сега?
а) ги управува нашите животи б) тој е првосвештеник пред Бога
в) ги управува владите г) ние не знаеме
10. Кој е Божјиот дар преку Исуса Христа?
а) напредок б) вечен живот во иднината
в) долг живот сега г) мир и ред сега

**Оваа брошура е снабдена бесплатно за објавувањето на евангелието по светот од: CARELINKS MINISTRIES, PO Box 152 Menai NSW 2234 AUSTRALIA www.carelinks.net email: info@carelinks.net .**

ЛЕКЦИЈА 7 ТЕСТ

# Божјите ветувања - 2

Бог му вети на Авраам дека во него и неговото семе (потомство) сите племиња на земјата ќе бидат благословени. Лекција 5 покажа дека потомокот кој ќе донесе благослов на земјата беше Исус. Тоа е тема на јасното учење во Новиот Завет (Гал.3:16).

Авраам е земен како пример на вера, и речено ни е дека ако сакаме да ја покажеме својата вера, мораме да ги живееме своите животи како Авраам, верувајќи во Бога и покорувајќи Му се на волјата.

Народот израелски кој потекна од Авраам беа робови во Египет. Тие беа од Мојсеј одведени од Египет, откако десетте страшни неприлики ги приморaa Египтјаните да увидат дека имало Бог на небо кој управуваше со светските настани. Книгата Исход (изв. 'егзодус' името значи 'заминување') ни говори за тие настани.

Најпосле народот израелски се смести во земјата ханаанска каде што живеел Авраам. Нивниот прв цар беше Саул, а втор беше Давид, кој ги напиша Псалмите.

## ВЕТУВАЊЕТО ДО ДАВИД

Во Псалмите Давид вели дека Бог му дал одредено ветување. 'Му се заколна Господ на Давида во вистината, и од неа нема да се откаже: Од плодот на твојата утроба ќе поставам на престолот твој'(Пс.131:11)

Давид, кога царството му беше уредено и народот во мир, сакаше да изгради храм или дом за обожавање на Бога. Пророкот Натан беше пратен кај Давид да му каже дека иако Бог не сакаше тој да гради дом, Бог ќе ја утврди Давидовата царска куќа, и еден од неговата царска лоза ќе владее над неговото царство засекогаш.

> 'А кога ќе завршат твоите дни, и ти ќе починеш кај татковците свои, Јас ќе го воздигнам по тебе твоето семе, што ќе произлезе од твоите бедра, и ќе го зацврстам царството негово. Тој ќе изгради дом на името Мое, и Јас ќе го утврдам престолот на царството негово засекогаш'.
>
> 'И ќе биде утврден домот твој и царството твое засекогаш пред лицето твое, твојот престол ќе е утврден засекогаш' (2Царства 7:12-13 и 16 изв. евр. текст).

Има три важни точки во овие стихови:-

1. Ветувањето не се однесуваше на Соломон, синот Давидов, зашто Бог рече дека 'престолот на царството негово' ќе е утврден засекогаш. Иако Соломон беше забележан по своите богатства и по својата мудрост, тој сигурно не владееше засекогаш. Во стих 14 пророкот Натан му вели на Давид дека Бог ќе биде татко на овој голем цар кој ќе биде од неговата лоза.

> 'Јас ќе му бидам татко, и тој ќе Ми биде син' (2Царства 7:14).

2. Царот ќе владее на престолот Давидов (2Царства 7:12).
3. Бог изјавува дека Он ќе го изврши тоа (2Царства 7:12).

## УЧЕЊЕТО НА ПРОРОЦИТЕ

Истите точки се истакнати низ целата Библија. Прочитај го следниот пасус од книгата на пророкот Исаија кој се често цитира за време на Божиќ и види ги истите три точки.

'Зашто Младинец ни се роди - Син ни се даде; власта е на рамењата Негови, и ќе Го наречат: Советник, Чудесни, Бог силен, Отец вечен, Кнез на мирот. Неговата власт и мирот бескраен ќе растат врз престолот на Давида и во царството негово, за да го утврди Он и да го зацврсти преку суд и правда отсега па довека. Тоа ќе го направи ревноста на Господа Саваота' (Исаија 9:6-7).

Истите точки се истакнати:

1. 'Неговата власт' ќе биде бескрајна
2. 'врз престолот на Давида и во царството негово'
3. 'Тоа ќе го направи ревноста на Господа Саваота'.

## ИСУС БЕШЕ ВЕТЕНИОТ

Нема сомнение кој би можел да биде големиот цар од лозата на Давид.

Ангелот Гаврил ѝ се јави на Марија пред раѓањето на Исус и ѝ рече 'Он ќе биде голем и ќе се нарече Син на Севишниот; и ќе Му го даде Господ Бог престолот на Неговиот татко Давида; и ќе царува над домот Јаковов секогаш, и царството Негово нема да има крај' (Лука 1:32-33).

Забележи ги истите три точки повторно -

1. Царството ќе биде утврдено засекогаш
2. Тој ќе владее на престолот Давидов
3. Бог ќе го направи тоа.

## РАДОСНАТА ПЕСНА НА МАРИЈА

Покасно во истото поглавје Лука забележува една прекрасна песна на радост во која Марија го фали Бога за Неговите ветувања. Значајна појава е тоа што, иако, ангелот ѝ рече на Марија дека детето ќе се роди за да го исполни ветувањето Божјо дадено на Давид, Марија Му заблагодари на Бога за ветувањето што Тој го даде на Авраам. Таа мора да увидела со своето разбирање за целта Божја, дека двете тие ветувања ќе бидат исполнети во истата особа.

'го прифати Израилот, Својот слуга... како што им зборуваше на татковците наши, на Авраама и на семето негово довека' (Лк.1:54-55).

## ЦАРСТВОТО

Не постои сомнение дека царството кое Исус дојде да го објави беше вистинско царство на земјата. Тој ќе биде царот и неговите следбеници исто така ќе имаат позиции на владеење. Исус им рече на своите ученици 'кога Синот Човечки ќе седне на престолот на славата Своја, ќе седнете и вие на дванаесет престоли и ќе судите над дванаесетте Израилеви колена' (Матеј 19:28).

Божјата цел беше уште на почетокот, да ја исполни земјата со Својата слава и мир:

> 'но жив сум Јас, и секогаш ќе живее името Мое, и целата земја ќе се исполни со славата Господова' (Броеви 14:21).

Тоа ќе се случи кога Исус ќе се врати на земјата како цар.

Една од главните точки што ги направи Петар во своето обраќање на денот на Педесетницата беше, дека Исус бил големиот потомок на Давид што го вети Бог. Петар посочи кон Псалмот кој го веќе цитиравме да покаже дека Давид го очекуваше уредувањето на царството со Христос за цар:

> 'Мажи браќа, нека ми е позволено да ви зборувам слободно за прататкото Давида, дека тој умре и погребан беше, а гробот негов е меѓу нас дури до денешниов ден. Па, бидејќи беше пророк и знаејќи дека Бог со клетва му беше ветил од плодот на неговите бедра да Го воздигне по плот Христа и да Го постави на престолот Свој' (Дела 2:29-30).

Апостолот исто така објасна дека воскреснието на Исус беше сигурен знак оти ветувањето што му го даде Бог на Давид ќе биде исполнето. 'Овој Исус Го воскресна Бог, за кое сме ние сите сведоци' (Дела 2:23).

Петар рече дека Давид разбрал оти ќе дојде време кога Семоќниот ќе му рече на Господа Исуса Христа: 'седи од Мојата десна страна, додека не ги положам непријателите Твои во подножјето на нозете Твои'. Апостолот потоа рече: 'така, насигурно нека знае сиот Израилев дом, дека Оној Исус, Кого вие Го распнавте, Бог Го направи Господ и Христос' (Дела 2:34-36).

## БОЖЈА ГАРАНЦИЈА

Павле ја сумира чудесната надеж што ја нуди Библијата кога говореше до собраниот народ во Атина:

> Бог 'определи ден кога праведно ќе му суди на светот преку одредениот од Него Човек, откако ги увери сите со Неговото воскресение од мртвите' (Дела 17:31).

**ЗБИР**

1. Во Библијата Бог ја открил Својата цел со земјата.
2. На Авраам и Давид им беше речено од Бога дека оној преку кој оваа цел ќе биде исполнета, ќе биде од нивна лоза.
3. Исус беше ветениот.
4. Тој ќе владее во светот со правда кога ќе се уреди царството Божјо.
5. Оваа надеж, темелена на основите од старозаветното учење, беше јасно содржана во пораката на Исус и апостолите.

| |
|---|
| **ПАСУСИ ЗА ЧИТАЊЕ ОД БИБЛИЈАТА** □Исаија 11; Дела 2; Римјани 4; Исаија 35; Псалм 131; Лука 19. |

**ЛЕКЦИЈА 7 ТЕСТ**

Подвлечи го исправниот одговор на секое прашање и потоа пренеси ги своите одговори на Збир на одговори страната и испрати ги до нас. Заврши го овој примерок од тестот, и чувај го за преглед.

1. Кој потомок од Авраам ќе донесе благослови на земјата?
   а) Исак б) Јосиф в) Давид г) Исус
2. Во која земја беа Израелците робови?
   а) Африка б) Египет в) Ханаан г) Италија
3. Која библиска книга ни кажува за избавувањето на Израелците од ропство? а) Битие б) Исход в) Левит г) Броеви
4. Кој беше првиот цар на Израел? а) Саул б) Давид в) Соломон г) Самуил
5. Што сакаше да Му изгради Давид на Бога?
   а) палата б) храм в) град г) олтар
6. Што му вети Бог на Давид?
   а) големо богатство
   б) долг живот и добро здравје
   в) дека неговиот престол ќе биде утврден засекогаш
   г) среќа и напредок
7. Кој израелски пророк рече: "И ќе потера фиданка од Јесеевата пењушка"? а) Исаија б) Самуил в) Авдиј г) Осија
8. Кој беше ветениот потомок Давидов кој ќе владее на неговиот престол? а) Соломон б) Исус в) Језекиј г) Ровоам
9. Каде ќе биде уредено ветеното царство Божјо?
   а) на земјава б) на небо в) во човечките срца г) во вселената
10. Што е гаранција дека Бог ќе ги изврши Своите ветувања, а посочи Павле во Атина? а) сезоните б) раѓањето на Исус
    в) денот и ноќта г) воскресението на исус

**Оваа брошура е снабдена бесплатно за објавувањето на евангелието по светот од: CARELINKS MINISTRIES, PO Box 152 Menai NSW 2234 AUSTRALIA www.carelinks.net email: info@carelinks.net .**

ЛЕКЦИЈА 8

# Воскресението на Исус Христос

Зборот ВОСКРЕСЕНИЕ значи 'станување од мртвите'. Преведен е од грчкиот збор 'анастасис' во Новиот Завет кој значи 'станување' или 'повторно стоење'.

Воскресението на Исус од гробот е непореклив историски факт. Смртта и воскресенитео на Исус Христос е централната точка на Божјата севкупна цел со човечката раса. Христијанската вера е изградена околу тоа, христијанството живее на основа Христовото воскресение од мртвите. Тоа беше двигателната сила во животот на учениците во 1от век н.н.е..

## ГЛАВНА ТЕМА НА АПОСТОЛСКОТО УЧЕЊЕ

Кога апостолите избраа друг кој ќе го заземе местото на Јуда, го избраа Матиј, за кого рекоа дека мора 'да биде сведок со нас за (Христовото) воскресение' (Дела 1:22).

Апостолите беа уапсени бидејќи го поучуваа народот и проповедаа 'воскресение од мртвите во името на Исуса Христа' (Дела 4:2).

На Павле му се судеше заради: 'надеж, и воскресение на мртвите' (Дела 23:6; Дела 24:21).

Писмата на Новиот Завет се полни со учење за воскресението на Исус и неговото значење за сите нас. Тоа беше истакнато од апостол Павле кога рече:

> 'ако, пак, Христос не воскреснал, тогаш празна е нашата проповед, празна е и нашата вера... вие сте уште во вашите гревови' (1Кор.15:14 и 17).

## ЗОШТО БОГ ГО ВОСКРЕСНА ИСУС?

Раните лекции го покажаа делото на Исус како жртва за грев (Евр.9:26). Лекција 4 објасна како Адам ги донесе гревот и смртта на човештвото со својата непослушност на Божјите заповеди. Спротивно на тоа, Исус ги запази сите Божји заповеди и живееше совршен живот. Лекција 6 го расправаше тоа. Смртта на Исус, меѓутоа, не ќе имаше никаква сила воопшто како делотворна жртва, ако не беше воскреснат од мртвите. Исус, 'Кој се роди од жена и се потчини на Законот' (Гал.4:4) падна под истата смртна осуда која што ја наследивме од Адам. Тој лично беше ослободен од грев, затоа смртта не можеше да го задржи, 'смртта нема веќе власт над Него' (Рим.6:9).

## БОЖЈАТА ЉУБОВ И ПРАВДА

Праведните начела Божји не можеа да допуштат таков човек, кој совршено ги запази Неговите закони, да остане подложен на законот на гревот и смртта. Апостол Петар ни вели:

> 'Бог Го воскресна, откако Го ослободи од врските на смртта, бидејќи таа немаше сила да Го задржи' (Дела 2:24).

Лекција 3 покажа дека преку апсолутната Божја правда како и преку Неговата љубов за човекот Исус воскресна од мртвите:

> 'Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него, да не погине, но да има живот вечен' (Јован 3:16).

## БЕШЕ ЛИ ВОСКРЕСЕНИЕТО НОВО ВЕРУВАЊЕ ВО 1 ВЕК Н.Е.?

Учиме од Библијата дека воскреснувањето од мртвите беше надежта на верните во вековите пред времето на Исус. Затоа Исус рече:

> 'Авраам... би се зарадувал да го види Мојот ден; и го виде, и се зарадува' (Јован 8:56).

Петар ги цитираше зборовите од Давид, цар на Израел:

> 'Секогаш Го гледав пред себеси Господа... Затоа се развесели срцето мое и се возрадува јазикот мој; а уште и телото мое ќе почива во надеж, (Давид) предвиде и кажа за воскресението на Христа' (Дела 2:25-26 и 31 спореди со Псалм 15:8-11).

Давид исто така рече: 'А јас пред лицето Твое ќе се покажам во правда, ќе се наситам кога ќе ми се покаже славата Твоја' (Пс.16:15).

## ВОСКРЕСЕНИЕТО - ИСПОЛНУВАЊЕ НА БОЖЈИТЕ ВЕТУВАЊА

Како што посочи Лекција 5, Авраам и Давид очекуваа да бидат воскреснати од мртвите за да ги уживаат Божјите ветувања. Не беа осамени во таа надеж.
Јов рече: 'јас знам, Искупителот мој е жив, и Он во последниот ден ќе ја крене мојата гнилежна кожа. И јас во телото мое ќе го видам Бога' (Јов 19:25-26).

Исаија рече: 'Твоите мртовци ќе оживеат, мртвите тела ќе воскреснат! Разбудете се и ликувајте вие, соборените во прав... и земјата ќе ги исфрли мртовците' (Исаија 26:19).
На Даниел му беше речено: 'многумина од оние што спијат во земниот прав ќе се разбудат' и дека тој лично ќе почива во смртен сон и ќе го чека 'својот дел со жреб до крајот на своите дни' (Дан.12:2 и 13).

Апостол Павле потврди дека тоа беше надежта на оние пред Исуса:

'стојам до ден денес... зборувајќи само за она, што беа го зборувале Пророците и Мојсеј, дека ќе стане: дека Христос ќе пострада и, откако прв ќе воскресне од мртвите, на (луѓето) ќе им проповеда светлина' (Дела 26:22-23).

## ХРИСТОС ПРВИОТ ЗА ВОСКРЕСНУВАЊЕ ВО ЖИВОТ ВЕЧЕН

Библијата јасно покажува дека Исус беше првиот за воскреснување од мртвите во бесмртност. Павле напиша:

> 'нашиот Спасител Исус Христос, Кој ја уништи смртта и го осветли животот и нераспаѓањето преку Евангелието' (2Тим.1:10).

## ВОСКРЕСЕНИЕТО - ЕДИНСТВЕНА НАДЕЖ ЗА БЕСМРТНОСТ?

Животот и бесмртноста што Исус ги осветли е надежта за станување од мртвите, за да се живее на земјата.

Петар јасно изјави дека: 'Давид не отиде на небесата' (Дела 2:34). Ние видовме дека ова не беше надежта на Давид. Бог вети дека тој ќе го види Христа седнат на (Давидовиот) престол во Ерусалим (Дела 2:30).

Како што објасна Павле во својот говор во Атина, посочен во Лекција 7, воскреснувањето на Исус од мртвите беше уверение Божјо дека Исус ќе го владее светот во правда, во одредено време во иднината (Дела 17:31).

## ВОСКРЕСЕНИЕТО - ВИСТИНСКА НАДЕЖ

Марта беше Исусов следбеник. Можеме јасно да ја видиме нејзината надеж за еден иден живот. Кога брат ѝ Лазар умре, Исус ѝ рече: 'Твојот брат ќе воскресне. Марта Му рече: Знам дека ќе воскресне при воскресението, во последниот ден. Исус ѝ рече: Јас сум воскресението и животот; кој верува во Мене, и да умре, ќе живее' (Јован 11:23-25).

## ЌЕ БИДАТ ЛИ СИТЕ ВОСКРЕСНАТИ?

Писмото ни кажува дека: 'платата, што ја дава гревот, е смрт, а дарот Божји е живот вечен во Христа Исуса, нашиот Господ' (Рим.6:23).
Оние кои не го бараат Бога или кои немаат никакви желби да Му служат, или ја разберат Неговата намера преку Христа, не ќе го примат Божјиот дар. Библијата јасно учи дека:

> 'Човекот кој скршнал од патот на разумот, ќе се насели во собранието на мртвите' (Изреки 21:16).
> 'Човек, кој неразумно живее сличен е на животните' (Псалм 48:20).
>
> 'Мртвите нема да оживеат... нема да станат' (Исаија 26:14).

## ИСПРАВНО РАЗБИРАЊЕ Е ПОТРЕБНО

Спротивно на овие изјави, Исус ни дава надеж велејќи:

'животот вечен е тоа, да Те познаат Тебе Единиот вистински Бог, и испратениот од Тебе Исуса Христа' (Јован 17:3).

Ако сакаме да се поврзиме со Божјата цел мораме да имаме разбирање. Мораме да Го знаеме вистинскиот Бог и исправно да го разбираме Неговото Слово. Со тоа знаење и едно верување за вистинитоста на тие работи, можеме да преминеме во другиот дел со КРШТЕВАЊЕТО во Христа кое ќе биде повеќе расправано во Лекција 11. Павле ја истакнува важноста на крштевањето за вистинскиот верник кој сака да дојде до воскресение:

'Зар не знаете дека сите ние што се крстивме во Исуса Христа, во Неговата смрт се крстивме. И така, ние се погребавме со Него преку крштавањето во смртта, та како што Христос воскресна од мртвите преку славата на Отецот, така и ние да одиме во обновен живот. Зашто, ако сме сраснати со Него во еднаква смрт, ќе бидеме соучесници и во воскресението' (Римјани 6:3-5).

## ХРИСТОС ПРВИОТ ЗА ВОСКРЕСЕНИЕ - ДРУГИТЕ ЌЕ СЛЕДАТ

Исус беше првиот за воскреснување од мртвите во бесмртност. Ние читаме повторно: 'ете, Христос воскресна од мртвите и со тоа стана првина за умрените' (1Кор.15:20).

Првите плодови се првиот резултат на жетвата, знак за многу други добри работи што ќе следат. Павле ја користи оваа фигура за жетвата да го покаже редоследот на воскресение:

'но секој по својот ред: прв е Христос; потоа, при Неговото доаѓање, ќе воскреснат сите што се Христови' (1Кор.15:23).

## ВТОРО ДОАЃАЊЕ НА ХРИСТОС ДА ГИ ВОСКРЕСНЕ МРТВИТЕ

Второто Христово доаѓање е поврзано со воскресението во последните денови. Павле пиша за 'нашиот Господ Исус Христос, Кој ќе им суди на живите и мртвите, кога ќе дојде Он и Неговото царство' (2Тимотеј 4:1).
Павле исто така напиша:

'не сакам да не знаете за умрените, за да не жалите како и другите, што немаат надеж. Оти, ако веруваме дека Исус умре и воскресна, тоа и упокоените во Исуса Бог ќе ги приведе со Него. Ова, пак, ви го велиме преку словото Господово, дека ние, живите, што ќе останеме до доаѓањето на Господа, нема да ги испревариме умрените, бидејќи Сам Господ со заповед, при глас на архангел и при труба Божја, ќе слегне од небото, и најнапред ќе воскреснат мртвите' (во Христа' изв. грч. текст (1Сол.4:13-16)).

## ВОСКРЕСЕНИЕ И СУД

Кога на Даниел му беше речено дека: 'многумина од оние што спијат во земниот прав ќе се разбудат', му беше исто така кажано дека едни ќе се разбудат 'за живот вечен, а други за укор и срам' (Дан.12:2). Тоа говори за заедничкото собирање, на воскреснатите и оние кои се живи во Христовото враќање, за суд и за можноста на отфрлање од Исус. Исус го учеше истото:

'Не чудете се на ова, зашто иде часот кога сите, кои што се во гробовите, ќе го чујат гласот на Синот Божји, и ќе излезат: кои правеле добро - ќе воскреснат за живот, а кои правеле зло, ќе воскреснат за осудување' (Јован 5:28-29).

Сите одговорни луѓи (оние со познавање) мора да се појават пред судот на Исус Христос. Оние кои Му веруваат на Бога, со знаењето за Неговата љубов и милост, кои се обидуваа да Му удоволат и го следеа примерот на љубениот Му Син, со Божја милост, ќе го примат дарот на живот вечен во тој ден.

Исус говори до сите нас кога вели: 'Јас сум воскресението и животот; кој верува во Мене, и да умре, ќе живее' (Јован 11:25).

## ЗБИР

1. Воскресението на Исус Христос е факт.
2. Воскресението на Исус е главното учење во Новиот Завет.
3. Исус беше воскреснат заради својот совршен карактер. Према тоа, Божјата

правичност и правда го извадија од гробот.
4. Надежта за воскресение беше надеж на сите верни пред и после првиот Исусов настан.
5. Вечниот живот не ни припаѓа сега, бидејќи не би имало никаква потреба Бог да го ветува тоа, или тоа да биде прашање на надеж.
6. Човекот нема природна бесмртност; ако ја имал, ќе немаше потреба Христос да се жртвува за донесување спасение на човештвото.
7. Воскресение после смртта е единствената надеж за добивање бесмртност.
8. Не сите ќе се воскреснати; оние без разбирање ќе останат в гроб.
9. Разбирањето, верувањето и крштевањето се потребни за поврзување со Христа и воскресението.
10. Христос беше прв за воскреснување во бесмртност; можеме да бидеме како него ако го следиме неговиот пример.
11. Воскресението и судот ќе се случат кога Исус ќе се врати на земјата.

**ПАСУСИ ЗА ЧИТАЊЕ ОД БИБЛИЈАТА**
**Псалм 48; Марко 16; 1Коринтјани 15; Исаија 26; Дела 26; Јован 11.**

**ЛЕКЦИЈА 8 ТЕСТ**

Подвлечи го исправниот одговор на секое прашање и потоа пренеси ги своите одговори на Збир на одговори страната и испрати ги до нас. Заврши го овој примерок на тестот, и чувај го за преглед.

1. Зборот 'воскресение' значи: а) легнување б) станување
в) воскреснување од мртвите г) будење
2. Кој беше првиот за воскреснување да живее вечно?
а) Лазар б) Јаировата ќерка в) Стефан г) Исус
3. Зошто умре Исус? а) зашто беше од наша природа б) беше грешен
в) Бог го примора да умре г) Евреите сакаа да си го тргнат од патот
4. Зошто Исус живееше повторно?
а) тој не умре б) тој оживеа по распетието
в) Бог го воскресна г) тој само се онесвести на крстот
5. Кои 3ца од следниве можат да очекуваат идна награда на земјата?
а) Авраам б) Давид в) Даниел г) Јеровоам (3Царства 14:16).
6. Сите ли ќе бидат воскреснати од мртвите? а) не б) да в) можеби г) незнам
7. Кога ќе бидат воскреснати мртвите?
а) тие и понатаму живеат по смртта
б) кога ќе се врати Исус да го воспостави царството
в) незнам
г) Библијата не содржи никакво ветување
8. Што ќе следи по воскресението?
а) крштевање б) суд в) проучување на Библијата г) пеење фалби
9. Кои ќе бидат прифатени од Исус во последниот ден?
а) оние кои го разбираат, веруваат во него, и му го следат учењето
б) оние кои прават добро и помагаат секому
в) оние кои се живи
г) оние кои не веруваа и се сега в гроб
10. Сакаш ли да научиш повеќе за Исус и да учествуваш во Неговото идно царство на земјата? а) не б) не сум сигурен в) премногу е тешко г) да

**Оваа брошура е снабдена бесплатно за објавувањето на евангелието по светот од: CARELINKS MINISTRIES, PO Box 152 Menai NSW 2234 AUSTRALIA www.carelinks.net email: info@carelinks.net**

ЛЕКЦИЈА 9

# Враќањето на Исуса Христа

Воскресението на Исус Христос е историски факт врз кој надежта на сето човештво почива. Исто толку сигурно, колку и фактот за воскреснувањето, е Божјото ветување дека Неговиот Син ќе се врати на земјата. Откако Исус беше воскреснат од мртвите тој се вознесе на небо, и ангели им го дадоа на неговите ученици ова уверение:

> 'Овој Исус, Кој од вас се вознесе на небото, ќе дојде пак по истиот начин, како што Го видовте да оди на небото' (Дела 1:11).

## ЦЕЛТА НА ХРИСТОВОТО ВРАЌАЊЕ

Во Господовата молитва Исус ги научи своите следбеници да се молат за уредувањето на Божјото царство, на земјата:

> 'да дојде царството Твое; да биде волјата Твоја, како на небото, така и на земјата' (Матеј 6:10).

Во тоа време зборовите на Давид ќе бидат исполнети:

'Праведниците ќе ја наследат земјата и ќе живеат на неа вечно' (Псалм 36:29).

Христос ќе се врати на земјата да го уреди Божјото царство превратувајќи ги присутните човечки системи на управа. Тој ќе го ослободи светот од злоба и ќе ја исполни земјата со Божја слава како божествено решение на сите нејзини сегашни проблеми.

Од таа причина апостол Павле, во 1от век н.н.е., го поттикна Тита да се откаже од небожноста и светските задоволства и

> 'чесно, праведно и побожно да поживееме во овој век, да чекаме да се исполни блажената надеж и да се јави славата на великиот Бог' и нашиот Спасител Исус Христос (Тит 2:12-13).

## КОГА ЌЕ СЕ ВРАТИ ХРИСТОС?

Од почетокот, Бог, одреди посебен ден кога Христос ќе се врати на земјата во суд. Павле говореше за тоа:

> 'зашто (Бог) определи ден кога праведно ќе му суди на светот преку одредениот од Него Човек, откако ги увери сите со Неговото воскресение од мртвите' (Дела 17:31).

Во своето проповедање Христос прилично објасна дека, макар што Божјиот план беше направен и настаните ќе го следат поставениот шаблон, дури ни тој не го знаеше точното време на своето враќање. Во Марко поглавје 13 Христос им кажа
на своите слушатели за своето враќање и им даде некои показатели за настаните кои мора да му претходат, после кои рече:

> 'тогаш ќе Го видат Синот Човечки, како иде на облаци со голема слава и сила' (Марко 13:26).
>
> 'А за тој ден и час никој не знае, ни ангелите небесни, ниту Синот, а само Отецот' (Марко 13:32).

## ХРИСТОС ЌЕ СЕ ВРАТИ НЕОЧЕКУВАНО КАКО КРАДЕЦ

Многумина денес ја наоѓаат идејата за Христовото враќање на земјата за забавна и несериозна за земање во предвид во поглед на привидната постојаност на нашето постоење. Апостол Петар предупреди дека луѓето би размислувале така:

> 'во последните дни ќе се јават подигрувачи, кои ќе живеат според своите желби и ќе велат: Каде е ветувањето на неговото доаѓање? Оти, откако татковците наши изумреа, сé си стои така, како од созданието на светот' (2Петар 3:3-4).

Значи дадено ни е уверение дека Бог не е спор во исполнувањето на Своите ветувања, туку дека овој светско-разбивателен настан ќе се случи во време што го има Тој одредено:

> 'ќе дојде денот Господов, како крадец во' ноќта (2Петар 3:10).

Прочитај ги првите десет стихови од 2Петар поглавје 3 да се проследи целиот аргумент изнесен од апостолот.

Како што истакна Христос, точниот час на неговото доаѓање не е познат никому освен на Бог, и не може да се открие од Писмото. 'зашто во кој час и не мислите, ќе дојде Синот Човечки' (Матеј 24:44).

Тоа нé учи дека се бара вера од верниците во враќањето Христово, бидејќи само Бог го знае одредениот ден кога тоа ќе се случи. За оние кои не го очекуваат тој настан, неговото појавување ќе биде исто онака неочекувано како и со појавувањето на крадец во ноќта.

## НЕ ПОСТОИ ЛИ ПОКАЗАТЕЛ КОГА СЕ ВРАЌА ХРИСТОС?

Учениците беа заинтересирани за тоа и го прашаа Христа насамо додека седеа на Маслиновата гора: 'Кажи ни, кога ќе биде тоа, и каков ќе биде знакот за Твоето доаѓање и за' крајот на светот? (Матеј 24:3).

Христовиот одговор на тоа прашање, и многу други пасуси на библиско пророштво, јасно го покажуваат сличниот временски период кога тоа враќање ќе се исполни. Тие знаци на времињата се дадени да ги поттикнат Христовите следбеници, за да бидат подготвени за него.

## ЗНАЦИ НА ХРИСТОВОТО ВРАЌАЊЕ

### 1. ЗНАКОТ НА НОЕ

Во својот одговор, Исус ги потсети своите ученици на библискиот приказ за дните пред потопот, дека слични околности ќе бидат видени во деновите пред неговото доаѓање:

> 'како што беше во деновите на Ноја, така ќе биде и при доаѓањето на Синот Човечки; како што во деновите пред потопот јадеа и пиеја, се женеа и се мажеа до оној ден, кога Ное влезе во ковчегот, и не узнаа, додека не дојде потопот и истреби сé, - така ќе биде и доаѓањето на Синот Човечки' (Матеј 24:37-39).

За позадината од времињата на Ное прочитај го Битие поглавје 6 каде е јасно покажано зошто Бог го уништил човештвото, и спасил тек осумина. Таква злоба беше очита во мислите и делата на човекот и Бог виде дека 'земјата се израсипа пред лицето на Бога, и се исполни со неправда' (Битие 6:11).

Печатот, радиото и телевизијата дневно ја одразуваат сличноста меѓу насилниот, Ноин безбожен свет и насилниот, безбожен свет од наше време. Тие го одразуваат во повеќе примери описот на апостол Павле за луѓето во последните денови тек пред Христовото враќање:

> 'во последните денови ќе настанат времиња тешки. Зашто луѓето ќе станат саможиви, среброљупци, самофалци, горди, хулители, непокорни спрема родителите, неблагодарни, неправедни, недру-жељубиви, непомирливи, клеветници, невоздржливи, нескротливи, недоброљупци, предавници, пребрзи, надуени, повеќе сластољупци отколку боголјупци' (2Тим.3:1-5).

Внимателното разгледување на секој опишив збор од библиското пророштво ќе покаже дека тие описи одговараат на нашето доба повеќе од кога и да е.

### 2. ЕВРЕЈСКИОТ ЗНАК

Исус исто така кажа кратка парабола како дополнителен знак да им покаже на своите ученици кога ќе се врати, запишана е во Матеј 24:32-33. Пророкот Јеремија ни наговестува за идентификацијата на смоквиното дрво, како што го употребува истиот симбол во погл.24 кога говори за народот израелски. Мораме према тоа да погледнеме на симболичното смоквино дрво, Израел: подмладен кој 'пушта... лисја'.

Тоа се однесува за пресобирањето на Евреите од сите делови на земјата каде беа растурени од Бога (Лука 21:24; 5Мој.28:25,32-34,37,64-66). Многумина денес сведочат на израелското 'пролистување' во Израел како што продолжуваат да ја градат својата земја од нејзиното државно уредување во 1948.

Истиот настан беше проречен од Језекија во првите четиринаесет стихови на 37то поглавје. Овој пат израелскиот народ е поистоветен со збирка на коски. Пророкот виде една долина со суви коски:

'овие коски се сиот дом Израилев. Ете тие велат: Се исушија нашите коски, и загина нашата надеж' (Језекија 37:11).

Потоа коските се здружуваат, се покриваат со месо; му се вдахнува здив на Израел и тие се живи:

'Ќе вдахнам во вас од Мојот дух и ќе оживеете, ќе ве населам во вашата земја... ќе ги земам синовите Израилеви меѓу народите, помеѓу оние, кај кои се наоѓаат, ќе ги соберам сите и ќе ги доведам во нивната земја' (Језекија 37:14 и 21).

Така ние го гледаме во фигуративен говор израелското доведување во земјата како што е ветено од Бога, младонародното развивање како пролиствување. Што го пропратува ова пресобирање?

'Ќе склучам со нив завет за мир... и ќе го поставам меѓу нив Моето светилиште засекогаш' (Језекија 37:26).

Еврејскиот знак го најавува уредувањето на Божјото царство.

Возбудливото очекување на ова пророштво е што можеме да ја видиме Божјата рака на дело со враќањето на Евреите и градењето на нивната земја, и сме предупредени: 'кога ќе го видите сето тоа, знајте дека е близу, пред вратата' (Матеј 24:33).

**Пророштвото на Исус за Израел**

Исус направи многу јасни предвидувања и за блиската иднина на својот народ, и за неговата долгорочна судбина. Водачите на народот не успеаја да ја видат Божјата им рака испружена кон нив. Тој им го прати Својот единствен син за нивен Месија, и тие ја бараа неговата смрт. Пред своето скоро апсење и распетие, Исус со своите ученици стоеше на гората и го гледаа Ерусалим, и убавината на храмот ги направи учениците да воскликнат зачудени; но Исус ја виде само казната која ќе му се додели на неговиот народ:

'од сето ова што го гледате нема да остане ни камен на камен, што не ќе биде урнат. И ќе паднат од сечилото на мечот, и ќе бидат одведени во плен по сите народи; а Ерусалим ќе го газат (неЕвреи) се додека не се свршат времињата на (неЕвреите)' (Лука 21:6 и 24).

Ова пророштво подробно се исполни во 70 н.е. кога римското царство прати војска, под Тит, да задуши едно востание. Градот ерусалимски беше уништен и земјата беше буквално изорана. 5Мој. поглавје 28 беше понатаму исполнето, и растурањето на народот беше потполно. На ниту еден Евреин не му беше допуштено да остане во земјата. Во 135 н.е. беше прогласено истерувањето на преживеаните Евреи од Јудеја. Името Ерусалим беше сменато во Aelia Capitolina.

Тука следеа векови на газење на земјата и на нејзиниот народ. 'Дијаспората', или раселувањето, стана факт. Еврејските заточеници уапсени во безбројните војни беа растурени низ светот како робови. Оние доволно среќните да ја одбегнат таа судбина станаа продавачи и трговци. Евреинот беше секаде освен во Израел - толку темелно го исполни Бог Својот збор. Населби можеа да се најдат низ целиот свет, но Бог одреди, никаква утеха за нив - и прогонот и антисемитизмот станаа нивен начин на живот. За 2000 години земјата и нејзиниот народ беа многу делотворно дробени и потребно е чудо да се повратат. Но тоа чудо беше ветено од Бога преку многуте Негови пророци. Во 1967 Израелците го заседоа Ерусалим, и за прв пат во 2000 години Ерусалим допадна под израелска управа - газењето на Ерусалим заврши како што прорече Исус.

**Израел препороден**

Ништо не може да е појасно од пророштвото кажано преку Јеремија:

'еве, Јас ќе ги соберам од сите страни, во кои бев ги расеал во гневот Свој, во јароста Своја и во големото негодување, па ќе ги вратам на ова место и ќе им дозволам да живеат безопасно' (Јеремија 32:37).

Бог имаше речено дека ќе им даде ново срце и дух да го издејствува оживотворувањето, и чудесна вистина е начинот на кои народот успеа да собере надахната сила и храброст. За 2000 години заточеништво Евреите беа слаби и неотпорни. Бог им ја одзеде волјата и способноста за борба. Но кога дојде време за пророштвата да се исполнат за нивната преуредба во нивната земја, тогаш тој нов дух надојде во народот. Тие покренаа војна да обезбедат посед на својата земја - и Британија, окупацијската сила, беше презадоволна да им ја предаде. Потоа, наспроти сите изгледи, народот стана борбена машина да ја порази здружената сила на Арапите и Египтјаните. 650.000 Евреи се соочија со 40.000.000 Арапи и, како во старо време, Бог го одведе Својот народ во победа. Така она што пророците објавија дека ќе се случи се изврши. Језекија поглавје 36 и 37, содржи најисклучително пророштво кое ја поставува далеку од било какво сомневање главната Божја

управа на настаните од народите. На пророкот му беше дадена визија во која Бог го претскажа пресобирањето на народот назад во својата земја, таму да постане голема армија:

> 'Ќе ве земам од кај народите, ќе ве соберам од сите страни и ќе ве доведам во вашата земја... Ќе ви дадам ново срце, и нов дух ќе ви дадам... И ќе живеете во земјата, која им ја дадов на татковците ваши' (Језекија 36:24,26,28).

Потоа, во визијата за долината полна со суви коски која стана долина исполнета со моќна војска, Бог даде понатамошно уверение:

> Тие 'се исправија на нозете свои - многу, многуброен народ... ќе ве населам во вашата земја... Јас ќе ги земам синовите Израилеви... и ќе ги доведам во нивната земја' (Језекија 37:10,14,21).

Од 1948 близу четири милиони Евреи се вратени во Израел - следниот голем настан ќе биде во Христовото враќање да го уреди своето царство во Израел и оттука низ целиот свет.

## 3. ЗНАКОТ НА СОНОТ НАВУХОДОНОСОРОВ

Лекција 3 потполно го расправаше овој сон. Даниеловото толкување го покажа текот на светската историја. После преломот на римското царство ние се наоѓаме денес претставени со нозете на ликот, со некои јаки (железни) и некои слаби (глинени) народи некадри цврсто да се здружат. Даниел продолжи:

> 'во деновите на тие царства небесниот Бог ќе подигне царство' (Даниел 2:44).

Тоа покажува дека нема да има понатомошни светски царства, сé до конечниот настан кој ќе го комплетира исполнувањето на Даниеловото пророштво. Павле, апостолот, уверен во апсолутното исполнување на пророштвото до крајот на своето време, можеше да ги поттикнува верниците во Колоси бидејќи знаеше за сигурноста на Христовото враќање:

> 'кога ќе се јави Христос, вашиот живот, тогаш и вие ќе се јавите со Него во слава' (Колосјани 3:4).

## 4. ЗНАКОТ ЗА ОПШТИОТ СВЕТСКИ НЕМИР

Христос исто така им кажа на своите ученици за времето тек пред своето враќање кога ќе има општи немир и страв помеѓу луѓето заради неволјата со која ќе се соочени сите народи:

> 'ќе има знаци на сонцето, и на месечината, и на ѕвездите; а на земјата - тага кај народите од неизвесноста и од бучењето на морето, и од брановите; луѓето, пак, ќе умираат од страв и од исчекување на она што ќе го снајде светот, зашто и силите небески ќе попуштат' (Лука 21:25-26).

Христос говори во фигуративен јазик за владеачките сили, со морето и брановите претставувајќи народи (пр. Исаија 57:20). Овој знак дава слика на народите земски кои гласно, го користат својот колективен глас да применат сила врз настани и ситуации, и да ја стресат сигурноста на владарите. Преовладувачкото расположение е тагата меѓу народите, што ги тера обзирните луѓе на стравување од исходот на сите светски немири и неволји.

Дадената слика сигурно може да биде вовед за разгледување на тековната светска состојба!

Уште еднаш, Христос ни вели дека, кога светските настани ќе се како оние кои ги опиша, мораме да го очекуваме неговото враќање: 'тогаш ќе Го видат Синот Човечки како доаѓа' (Лука 21:27).

Уредувањето на царството Божјо врз земјата лежи во центарот на Неговата цел, како што видовме. Го побарува враќањето на Исус Христос на земјата да се исполнат сите Божји ветувања. Самиот Исус говореше - во пророштво - за настаните кои ќе му претходат на враќањето на земјата.

## 5. ИДНИОТ СВЕТСКИ СУДИР

Видовме во она што стана познато како 'пророштво од Маслиновата гора', Исус прво предупреди за превратот на израелската држава. Во исполнување на пророштвото, Римјаните ја управуваа ветената земја, и Евреите беа потчинета држава. Исус знаеше оти наскоро Римјаните ќе го извршат Божјиот план и ќе го растурат Божјиот народ низ целиот свет:

> 'и ќе паднат од сечилото на мечот, и ќе бидат одведени во плен по сите народи; а Ерусалим ќе го газат незнабошци, сé додека не се свршат времињата на незнабошците. И ќе има знаци...' (Лука 21:24).

Учениците од Исус прашаа за знаците на неговото доаѓање и за крајот на светот, или векот. Исус многу јасно ги изложи знаците кои ќе навестуваат и ќе водат до неговото враќање во "сила и слава голема":

> 'И ќе има знаци на сонцето, и на месечината, и на ѕвездите; а на земјата - тага кај народите од неизвесноста и од бучењето на морето, и од брановите; луѓето, пак, ќе умираат од страв и од исчекување на она што ќе го снајде светот, зашто и силите небески ќе попуштат. И тогаш ќе Го видат Синот Човечки како доаѓа на облаци, со сила и слава голема' (Лука 21:25-27).

Израелското враќање во сопствената им земја и обновувањето на Израел во живеалиште за израелскиот народ во 1948 е исполнување на пророштвото веќе спомнато во оваа лекција. Во наредните децении навистина имаше знаци 'на небото' и меѓу тие симболи, на владеачките сили на народите, сонцето, месечината и ѕвездите. Има недоумица во тоа како светските проблеми можат да се решат со човечка влада. Војните се постојани - никогаш не престануваат и нема никаков излез. Тоа, рече Исус, ќе биде уште еден знак за неговото скоро враќање.

Израелските пророци долго говореа за приликите кои го погодуваат Израел и СИТЕ народи, пред самото Христово доаѓање, за времиња познати како 'последните дни'. Разгледај го следниот пример:

> 'Сине човечки, сврти го лицето свое кон Гога во земјата Магог, кон кнезот на Рош, Месех и Тувал, и изречи пророштво против него. И кажи им - вака вели Господ Бог... ' (Језекија 38:2,3).

Внимателното читање на ова поглавје не нé остава во никакво сомневање дека оваа група народи - вклучувајќи ја и Персија (Иран), Етиопија и Либија (Језек.38:5) - ќе се присилат од Бога да ја нападнат земјата израелска. На пример во стих 8 го читаме ова:

> '...во ПОСЛЕДНИТЕ ГОДИНИ ќе дојдеш во земја избавена од меч, собрана меѓу многу народи на Израилевите планини, кои беа долго време запустени; но сега жителите нејзини ќе бидат повратени од кај народите' (Језекија 38:8).

Оваа федерација на народи е центрирана врз сила која е сместена северно од Светата Земја и интересно е да се забележи дека Израел, и во минатато и сега, имаше потреба за грижливо обезбедување на своите СЕВЕРНИ граници. Сиријците, се разбира, се сегашна закана во тој правец, исто како што беа и Асирците пред 2500 години.

Во тоа време Бог, говорејќи преку пророкот Језекија за 'северниот' агресор, рече:

> 'И ќе тргнеш од твоето место, од СЕВЕРНИТЕ предели, ти и многу народи со тебе... И ќе се кренеш против Мојот народ, против Израилот, како црн облак, за да ја покриеш земјата: тоа сé ќе биде ВО ПОСЛЕДНИТЕ ДНИ' (Језекија 38:15,16).

Идентитетот на оваа федерација за собирање против Израел во блиска иднина не е тежок за одредување. Гог, Магог, Месех и Тувал се потврдени од студентите по древна историја дека се потомци на еден од синовите на Ное, имено Јафет. Картата јасно го покажува тоа во однос на другите Ноини синови.

Персија (Иран), Етиопија и Либија, воглавно противни на Израел, ни се добро познати денес, и пророкот Језекија, говорејќи со авторитетот на Севишниот Бог, ни кажува дека ќе се здружат со потомците Јафетови, поседници на 'северните делови' во 'ПОСЛЕДНИОТ ДЕН'.

Северно од Израел е Сирија, една од многуте арапски непријатели на Израел. Понатака на север низ Ерменија доаѓаме до вознемирените, сега веќе независни, држави на поранешниот СССР. Со интересирање го забележуваме високото исламско следење кое постои во оваа група на народи.

Сега би било глупаво за учениците на пророштвото да догматизираат за исходот на библиското пророштво. Само Бог го има правото да го одреди исходот на Својот план со светот, план, запомни, кој ќе биде извршен со уредувањето на Божјото царство на земјата - милениумот, или илјадалетното Христово владеење на земјата. Ако сме вистински ученици на Божјото Слово, тогаш сме исто така и посматрачи. Христовото предупредување до неговите следбеници беше дека треба да посматраат! - 'Па така, бидете будни, зашто не знаете во кој час ќе дојде вашиот Господ' (Матеј 24:42).

Посматрајќи ја светската сцена, која забрзано се движи кон крајот на 20от век, што гледаме? Го гледаме Израел, вратен во својата земја во исполнение на такви пророштва како Језекија поглавје 37. Гледаме непријателство кон Израел на секоја граница, освен, можеби, на југот каде што мировниот договор со Египет добро се држи во време на пишувањево. Арапските (исламски) народи навистина се здружени против Божјиот народ, и се обидоа да го турнат в море:

> 'рекоа: Да отидеме и да го истребиме меѓу народите, па да не се спомнува повеќе името Израел' (Псалм 82:4).

Подетална студија на Псалм 82 добро ќе му се исплати на ученикот на библиското пророштво, особено за денешниот идентитет на народите спомнати во овој интригантен Псалм. Тоа се старите непријатели од израелската рана историја и уживаат територијален идентитет со тековните непријатели на Божјиот народ.

Северниот агресор на Језекија 38, поврзан со јасно одредените народи кои во моментов немаат време за 'земја(та) избавена од меч' се оние кои ќе ги доведе БОГ во конечен судир против Ерусалим:

> 'Ќе ги соберам сите народи во војна против Ерусалим' (Захар.14:2).
> 'Зашто, ете, во оние денови и во тоа исто време, кога ќе ги вратам плениците на Јуда и од Ерусалим, тогаш ќе ги соберам сите народи и ќе ги доведам во долината Јосафатова...' (Јоил3:1,2).

Не сме оставени во никакво сомневање дека тоа е денот кога повторно ќе интервенира Бог во човечките афери и ќе направи Неговата волја да биде извршена на земјата:

> 'Групи, групи во долината на судот! Оти близу е денот Господен...' (Јоил 3:14).

> 'И ќе загрми Господ од Сион и ќе го испушти гласот Свој од Ерусалим: ќе затреперат небото и земјата; но Господ ќе му биде заштита на Својот народ и одбрана за синовите Израилеви. Тогаш ќе познаете дека Јас сум Господ, вашиот Бог, Кој живее на Сион, на Мојата света гора; и ќе стане Ерусалим светиња, и нема повеќе туѓинци да минуваат низ него' (Јоил 3:16,17).

Ова, значи, се времињата кои ќе го видат враќањето Христово, идниот владетел на земјата. Овие пророштва, а особено оние на Јоил и Захарија, заедно со големите пророштва на Исаија, Јеремија и Језекија, ни го претставуваат БОЖЈИОТ ПЛАН. Како посматрачи, ние бараме да го проучуваме секој чекор напред во тој план. Бидејќи секој чекор НАПРЕД го носи уште поблиску тој ден на конечниот судир, познат во Библијата како АРМАГЕДОН, кога, со зборовите на Захарија:

> 'Господ ќе биде Цар над целата земја; во тој ден Господ ќе биде единствен и името Негово - едно единствено' (Захарија 14:9).

## ХРИСТОВОТО ВРАЌАЊЕ ФАКТ

Знаците на времињата градат една непогрешива слика за обликот на идните нешта. Воведите за Божјата интервенција се скоро готови и Исус Христос е на врата, подготвен да го изненади светот.

Гледајќи ги знаците и знаејќи им го значењето, можеме ли да си  допуштиме да останеме непоместени од нив? Можеме да бидеме како оние кои будалесто си ја затвораат свеста за тие работи и не прават ништо. Христовото враќање ќе им дојде на нив како крадец во ноќта.

Инаку, можеме да ги поздравиме знаците и да пазиме на предупредува њето пред да биде премногу доцна. Исус рече: 'кога ЌЕ ПОЧНЕ тоа ДА СТАНУВА, исправете се и подигнете ги главите свои, зашто се приближува вашето спасение' (Лука21:28). Наместо да сме малодушни од сегашните услови, можеме да се исправиме и ја видиме потребата за спасение, преку нашиот Спасител

Христос. Можеме да бидеме мудри и побараме засолниште во Коработ-Христос, пред 'големиот ден на Севишниот Бог' да ги проголта злите.

Во наша моќ е да ја третираме оваа тема како да е од голема важност, помнејќи дека го вклучува нашиот живот и судбина. Библијата ни нуди надеж за живот вечен и место во Божјото царство - царство каде што ќе владее Христос во праведност и мир; не една 'владавина на милост во срцето', туку буквално царство на земјата.

Мудрите ќе дојдат до овој заклучок:
а) дека Христовото доаѓање е важно прашање
б) дека предупредувањето на Божјото Слово не треба да се игнорира
в) дека нашиот сегашен живот не дава никакво трајно задоволство
г) дека верувањето во евангелието (благовестието) на царството Божјо и крштевањето во спасителното име Христово се нужни.

До нас е, поединечно, да одлучиме дали сакаме да го 'чекаме денот на (Христовото) доаѓање', кога тој ќе ја прави 'разликата меѓу праведник и безбожник, меѓу оној кој Му служи на Бога и оној кој не Му служи' (Малахија 3:18).

## ЗБИР

1. Христовото враќање е факт.
2. Тоа враќање беше ветено од ангелите при неговото вознесение.
3. Исус ќе се врати да го уреди Божјото царство на земјата.
4. Само Бог го знае точниот ден одреден за Христовото враќање.
5. Јасни знаци покажуваат дека Христовото враќање е неминовно.
6. Деновите на Ное се споредиви со нашите сопствени.
7. Еврејската обнова во Израел е жив знак.
8. Ние живееме во последната фаза од Навуходоносоровата визија.
9. Светскиот немир го претходи Христовото враќање.
10. Непријателството на израелските соседи.

**ПАСУСИ ЗА ЧИТАЊЕ ОД БИБЛИЈАТА**
Језекија 37 и 38; Дела 3; 1Солуњани; Дела 1:1-12; Лука 21; 2Солуњани 1.

## ЛЕКЦИЈА 9 ТЕСТ

Подвлечи го исправниот одговор на секое прашање и потоа пренеси ги своите одговори на Збир на одговори страната и испрати ги до нас. Заврши го овој примерок на тестот, и чувај го за преглед.

1. Зошто ќе се врати Исус на земјата?
   а) нема да се врати б) да запре војна
   в) да го уреди Божјото царство г) да лечи болести
2. Кој го знаеше точното време на враќањето на Исус?
   а) ангелите б) Исус в) Бог г) Павле
3. Каде можеме да најдеме показатели дека Исус ќе се врати скоро? во
   а) Библијата б) ѕвездите в) весниците г) еврејскиот закон
4. Кои светски услови ги спореди Исус со времињата на Ное?
   а) израелското враќање во својата земја
   б) станувањето на северниот агресор
   в) време на насилство и барање задоволство
   г) некои силни и некои слаби народи
5. Која фигура е употребена да го прикаже Израел во параболата во Матеј 24:32-33? а) долина со суви коски б) смоквино дрво в) свеќа г) кораб
6. Кој дел од визијата на Навуходоносор го отслика времето пред Исусовото враќање? а) златната глава б) нозете дел железо дел глина
   в) железните нозе г) стомакот и бедрата од бакар
7. За која група на луѓе се мисли во фразата 'бучењето на морето, и од брановите' (Лука 21:25)? а) свети луѓе б) зли в) владари г) мисионери
8. Кој народ е сместен северно од Израел?
   а) Америка б) Сирија в) Египет г) Русија
9. Кој е дотичниот 'Михаел' во Даниел 12:1?

а) Ное б) Језекија в) Даниел г) Исус

10. Кои од следниве знаци што го најавуваат враќањето на Исус се гледаат денес?
    а) еврејската обнова во Израел
    б) светски немир
    в) ставот на израелските соседи
    г) време на насилство
    д) некои силни некои слаби народи

**Оваа брошура е снабдена бесплатно за објавувањето на евангелието по светот од: CARELINKS MINISTRIES, PO Box 152 Menai NSW 2234 AUSTRALIA www.carelinks.net email: info@carelinks.net**

## ЛЕКЦИЈА СЕДУМ

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| а | а | а | а | а | а | а | а | а | а |
| б | б | б | б | б | б | б | б | б | б |
| в | в | в | в | в | в | в | в | в | в |
| г | г | г | г | г | г | г | г | г | г |
| д | д | д | д | д | д | д | д | д | д |

## ЛЕКЦИЈА ОСУМ

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| а | а | а | а | а | а | а | а | а | а |
| б | б | б | б | б | б | б | б | б | б |
| в | в | в | в | в | в | в | в | в | в |
| г | г | г | г | г | г | г | г | г | г |
| д | д | д | д | д | д | д | д | д | д |

## ЛЕКЦИЈА ДЕВЕТ

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| а | а | а | а | а | а | а | а | а | а |
| б | б | б | б | б | б | б | б | б | б |
| в | в | в | в | в | в | в | в | в | в |
| г | г | г | г | г | г | г | г | г | г |
| д | д | д | д | д | д | д | д | д | д |

ЛЕКЦИЈА 10

# Евангелието

Во оваа лекција ќе ги здружиме многуте факти кои ги научивме во раните лекции.

Зборот 'благовестие' е изведен од два збора кои значат, 'блага вест', или како што е понекогаш употребуван во Новиот Завет 'радосна вест'. Тоа е добар превод на грчкиот збор 'енаггелион'.

## СРЕДИШТЕ НА ХРИСТОВОТО УЧЕЊЕ

Матеј, Марко, Лука и Јован сите ни кажуваат дека Исус одел низ целата земја израелска проповедајќи го евангелието - благовестие - за своето идно царство.

> 'И одеше Исус по сите градови и села, и поучуваше по нивните синагоги, го проповедаше Евангелието на царството' (Матеј 9:35).
>
> 'дојде Исус во Галилеја и ја проповедаше радосната вест за царството Божјо' (Марко 1:14).
>
> 'Духот Господов е врз Мене; затоа Ме помаза да им соопштам радосна вест на бедните' (Лука 4:18).
>
> 'Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него, да не погине, но да има живот вечен' (Јован 3:16).
>
> 'Ти велиш дека сум Цар. Јас за тоа се родив и за тоа дојдов на светот, за да сведочам за вистината' (Јован 18:37).

## УЧЕНИЦИТЕ ГО НАУЧУВАА ЕВАНГЕЛИЕТО

Кога Исус им ја кажа добрата вест на учениците, ги испрати да ги подучат другите. 'И ги прати да го проповедаат царството Божјо и да лекуваат болни' (Лука 9:2).

По неговата смрт и воскресение, Исус им кажа на учениците да ја продолжат истата работа: 'Одете по сиот свет и проповедајте го Евангелието на секое создание. Кој ќе поверува и се крсти, ќе биде спасен' (Марко 16:15-16).

Од последниве зборови гледаме дека треба да го знаеме, веруваме и извршуваме евангелието за да добиеме спасение.

## МОЌТА НА ЕВАНГЕЛИЕТО

Затоа, апостолот Павле напиша:

> 'Јас не се срамувам од Евангелието на Христа, бидејќи тоа е сила Божја за спасението на секој што верува, прво на Јудеец, а потоа и на Елин' (Римјани 1:16).

Мораме јасно да ја разбереме добрата вест што ја учеше Исус и апостолите. Павле повторно напиша,

> 'Но дури и ние, или ангел од небото да ви благовестеше нешто друго од она, што ви го благовестевме ние, нека биде анатема!' (Галатјани 1:8).

## ШТО ПОДРАЗБИРАА УЧЕНИЦИТЕ ПОД 'ЕВАНГЕЛИЕ'?

Учениците отидоа да ја проповедаат добрата вест за царството Божјо пред распетието на Исус. Што значеше за нив таа 'добра вест'? Кога двајца од нив говореа со Исус по неговото воскресение, му рекоа

> За 'Исуса Назареецот, Кој беше пророк, силен на дело и на слово, пред Бога и пред сиот народ... ние се надевавме оти е Он Оној што треба да го избави Израилот' (Лука 24:19 и 21).

Исус пред да се вознесе на небо: 'Го прашаа велејќи: Во ова време ли го востановуваш, Господи, царството Израилево?' (Дела 1:6).

Тие очекуваа Исус да го воспостави царството Божјо таму и тогаш. Толку беше веста добра што ја посакаа веднаш. Исус им рече дека времето уште не е дојдено. 'Не е ваше да ги знаете времињата или годините, што Отецот ги задржал во Своја власт' (Дела 1:7).

## БОЖЈИТЕ ВЕТУВАЊА

Како што го гледаа учениците вознесувањето на Исус, два ангела стоеја крај нив и им рекоа:

> 'Овој Исус, Кој од вас се вознесе на небото, ќе дојде пак по истиот начин, како што Го видовте да оди на небото' (Дела 1:11).

Тоа ветување е повторуваната тема на апостолското учење како што го читаме тоа во Делата апостолски, и нивните писма. Тие го очекуваа враќањето на Исус да ги исполни сите ветувања што ги направи Бог за Неговото царство.

Зашто, иако зборот 'евангелие' едино се наоѓа во Новиот Завет, добрата вест за царството Божјо е основата на сите Божји ветувања уште од почетокот.

## ЕВАНГЕЛИЕТО ВО ЕДЕМ

Во почетокот, откако Адам и Ева ја прекршија Божјата заповед, ги паметиме Неговите зборови до змијата:

> 'ставам непријателство меѓу тебе и жената и меѓу родот твој и породот нејзин. Он ќе ти ја гази главата, а ти ќе го каснуваш во петата' (Битие 3:15).

Тоа беше добрата вест, дека силата на гревот и смртта конечно ќе биде уништена. Тоа беше делото кое Исус дојде да го направи. Погледни во Евреи 2:14-15.

## ЕВАНГЕЛИЕТО ДО АВРААМ

Ги проучивме Божјите ветувања до Авраам. Апостол Павле напиша:

> 'Писмото, како што предвидуваше, оти Бог преку верата ги оправдува иноверците, однапред му благовести на Авраама: Во тебе ќе бидат благословени сите народи' (Галатјани 3:8).

Кога Исус ќе се врати, ќе го воскресне Авраама од мртвите, и сите Божји ветувања до Авраам ќе бидат исполнети до секоја подробност.

Тие ветувања беа потврдени на Исак и на Јаков, и тие исто така ќе бидат воскреснати од мртвите при Исусовото враќање, и ќе добијат почесни места во Божјото царство (Матеј 8:11).

## ЕВАНГЕЛИЕТО ДО ДАВИД

Добрата вест за Божјото царство беше кажана на Давид преку пророкот Натан - прочитај 2Царства 7:12-16.

> 'Јас ќе го воздигнам по тебе твоето семе... ќе го утврдам престолот на царството негово засекогаш... ќе биде непоколеблив твојот дом и твоето царство засекогаш пред лицето Мое, и престолот твој ќе остане засекогаш'.

Иако Израелците подоцна го напуштија Бога, Тој не ги заборави Своите ветувања. Одново и одново ги наоѓаме во Псалмите Давидови, и во пророчките записи. Бог, преку пророкот Језекија, говореше до Седекија, последниот јудејски цар: 'Ќе го уништам, ќе го уништам, ќе го уништам (царството) - и нема веќе да го има, сé додека не дојде Оној, Кому тој Му припаѓа, и нему ќе Му го дадам ' (Језекија 21:27).

Кога дојде Исус, ангелот го обнови ветувањето до Марија:

> 'Он ќе биде голем и ќе се нарече Син на Севишниот; и ќе Му го даде Господ Бог престолот на Неговиот татко Давида; и ќе царува над домот Јаковов секогаш, и царството Негово нема да има крај' (Лука 1:32-33).

## ЕВАНГЕЛИЕТО ДО НАС

Тоа е добрата вест за Божјото царство која ни доаѓа во библиската порака. Исус наскоро ќе се врати на земјата да го уреди Божјото царство. Прочитај го Матеј 25. Трите параболи во тоа поглавје нé учат да пазиме, делуваме, да ја одразиме Христовата љубов ако сакаме да имаме удел во Божјото царство.

1. Парабола за десетте девици

Оние кои се подготвија и будно пазеа беа поканети на свадбената свечаност а тие што го потрошија маслото наидоа на затворена врата.

2. Парабола за талантите
Употребата на нашите способности ќе биде увидена од Исус и тој ќе ги награди оние кои го употребиле своето знаење и можности додека можеле.

3. Парабола за овчарот кој ги дели овците
Добриот овчар ги познава своите овци и ги разбира нивните напори. Ги знае оние кои се обиделе да помогнат на своите блиски и го прифаќа таквото помагање како да е за него.

## ШТО МОРАМЕ ДА ПРАВИМЕ?

Мораме да се покаеме, да ги промениме нашите патишта: 'Времето се исполни и царството Божјо наближи, покајте се и верувајте во Евангелието' (Марко 1:15).

> 'Покајте се, пак, и обратете се, за да се (*избришат) гревовите ваши, (*кога ќе) дојдат времиња за освежување од лицето Господово, и (*ќе ви го прати) Исус Христос (*кој ви беше благовестен (*изв. грч. текст)) ' (Дела 3:19-20).

> 'Бог, пак, откако ги презре времињата на незнаењето, сега редум им заповеда на сите луѓе да се покајат, зашто определи ден кога праведно ќе му суди на светот преку одредениот од Него Човек' (Дела 17:30-31).

Мораме да го следиме Исус - да се преобразиме - да се преродиме со крштевање, и нашата следна лекција ќе нé научи што тоа значи. Тоа, исто така, е нужно,

> 'сите, што се крстивте во Христа, во Христа се облековте... А ако сте, пак, Христови, тогаш сте Авраамово семе, и по ветување наследници' (Галатјани 3:27-29).

Тоа е евангелието, добрата вест за царството Божјо. Ние, како и учениците, копнееме за неговото скоро исполнување. Затоа се молиме како што ги научи Исус своите следбеници: 'да дојде царството Твое'.

> 'Оче наш, Кој си на небесата, да се свети името Твое; да дојде царството Твое, да биде волјата Твоја, како на небото, така и на земјата: лебот наш насушен дај ни го денес; и прости ни ги нашите гревови, зашто и ние самите му ги проштаваме на секој наш должник; и не нé воведуј во искушение, но избави нé од *лукавиот' (*зло' изв. грч. текст (Лука 11:2-4).

## ЗБИР

1. Зборот 'евангелие' значи 'благовестие'.
2. Добрата вест за идното царство Божјо беше главна тема на учењето од Исус и неговите ученици.
3. Знаење, верување и покорност на евангелието се потребни за добивање спасение.
4. Евангелието е учено низ целото Писмо, во Стариот и Новиот Завет.
5. Добрата вест сеуште ни се проповеда.
6. Можеме да добиеме место во Божјото царство ако ја слушаме, разбираме и извршуваме евангелиската порака.
7. Мораме одлучно да се одзвиеме на повикот на евангелието - како што направи Авраам и сите верни слуги Божји во минатото.

**ПАСУСИ ЗА ЧИТАЊЕ ОД БИБЛИЈАТА 2Царства 7; Псалм 95; Исаија 55; Дела 9; Псалм 1.**

## ЛЕКЦИЈА 10 ТЕСТ

Подвлечи го исправниот одговор на секое прашање и потоа пренеси ги своите одговори на Збир на одговори страната, и испрати ги до нас. Заврши го овој примерок од тестот, и чувај го за преглед.

1. Зборот 'евангелие' значи: а) вест б) добра вест в) благовест г) порака
2. Кои од следниве стихови ни кажува дека Исус го проповедаше евангелието за царството? а) Матеј 1:14 д) Матеј 3:16 з) Матеј 4:18 к) Матеј 9:35
   б) Марко 1:14 ѓ) Марко 3:16 ѕ) Марко 4:18 л) Марко 9:35
   в) Лука 1:14 е) Лука 3:16 и) Лука 4:18 љ) Лука 9:35
   г) Јован 1:14 ж) Јован 3:16 ј) Јован 4:18 м) Јован 9:35
3. Покрај Исус кој уште го проповедаше евангелието?

а) еврејските свештеници б) учениците
в) римскиот владар г) мудреците

4. Кога ќе биде царството Божјо уредено на земјава?
   а) ние не знаеме б) кога ќе се врати Исус
   в) веќе е уредено г) нема да биде уредено
5. Кој им рече на учениците кои го гледаа Исуса како оди на небо дека ќе се врати ? а) Бог б) ангел в) Исус г) два ангела
6. Како се добива ветувањето за спасение дадено во Библијата?
   а) со правење добро на нашите пријатели
   б) со споделување на сите наши добра
   в) со послушност на законите на нашата земја
   г) со знаење, верување и извршување на евангелието
7. Кое Божјо ветување претскажа дека силата на гревот и смртта ќе бидат мака за човечката раса?
   а) ветувањето во Едем б) ветувањето до Авраам
   в) ветувањето до Ное г) ветувањето до Давид
8. Кој стих во Новиот Завет ни кажува дека евангелието беше проповедано на Авраам? а) Галатјани 8:3 б) Галатјани 3:8 в) Римјани 8:3 г) Римјани 3:8
9. Кој Божји пророк му ја кажа на Давид добрата вест за Божјото царство?
   а) Даниел б) Исаија в) Илија г) Натан
10. Кој ученик му помогна на Савле (Павле) да се крсти во записот на Дела поглавје 9? а) Петар б) Андреј в) Ананија г) Јован

**Оваа брошура е снабдена бесплатно за објавувањето на евангелието по светот од: CARELINKS MINISTRIES, PO Box 152 Menai NSW 2234 AUSTRALIA www.carelinks.net email: info@carelinks.net**

ЛЕКЦИЈА 11

# Крштевање

Во нашата последна лекција видовме дека верувањето и разбирањето на евангелието, проследено со покорност кон Божјите заповеди беа суштествени за спасение. Ги читаме зборовите на Исус по неговото воскресение: 'Одете по сиот свет и проповедајте го Евангелието на секое создание. Кој ќе поверува и се крсти, ќе биде спасен' (Марко 16:15-16).

Веднаш воочуваме, значи, дека библиско крстење може да настане единствено кога човекот е кадар да го разбере и извршува словото Божјо. Потоа тоа е еден битен услов за нашето прифаќање од Бога

Го имаме примерот на Корнелие, римски стотник, кој беше 'добар' човек по сите мерила (види Дела 10:2), сепак Бог му кажа да го повика на Петар  (Дела 10:6), Петар дојде, и го научи Корнелија за Исус.

> 'И ни заповеда да им проповедаме на луѓето и да сведочиме, дека Он е од Бога определениот Судија над живите и мртвите. Сите пророци сведочат за тоа, дека секој, што ќе поверува во Него, ќе добие простување на гревовите преку Неговото Име.'

Уште нешто сеуште беше неопходно

> 'И им заповеда да се крстат во името' Господово (Дела 10:42-48).

Од овој и други записи во Делата апостолски е јасно дека Бог положил три битни услови за спасение: знаење, верување и крстење. (Прочитај Дела 2:37-38,41; Дела 8:35-38; Дела 16:25-33).

## КРШТЕВАЊЕ

Овој збор е превод на грчкиот збор 'баптизо' кој значи да се зарони, нурне, или потполно потопи во течност. Се употребува во грчкиот јазик при умешноста на боење. Да се обои ткаенина, таа треба целосно да се потопи во боја, за ткаенината потполно да ја смени својата боја.

## БАПТИЗАМ

Употребата на овој збор низ целиот Нов Завет (на грчки, (англиски и др. јазици)) јасно покажува дека попрскување или турање вода не е доволно. Библискиот баптизам побарува целосно потопување во вода. Така читаме за Филип кога го крсти етиопскиот евнух: 'па слегнаа во водата обајцата, и Филип и Етиопјанинот, и го крсти' (Дела 8:38).

Исто така читаме за Јована крстител, дека крштеваше во Енон близу Салим 'зашто таму имаше многу вода' (Јован 3:23).

## ЗНАЧЕЊЕТО НА КРШТЕВАЊЕТО

Ако го читаме Новиот Завет внимателно ќе видиме оти крштевањето има четверократно значење.

1. Исперување, чистење

> 'Стани, крсти се и очисти ги гревовите свои, призовувајќи го Името на Господа' (Дела 22:16).
> 'Или не знаете дека неправедниците нема да го наследат царството Божјо?... А такви беа и некои од вас; туку се измивте, се осветивте, се оправдавте во името на нашиот Господ Исус' (1Коринтјани 6:9-11).

Го наоѓаме истиот симбол употребуван дури и во Стариот Завет, заедно со појавата на променување на боја.

> 'Измијте се, исчистете се; иставете ги од очите Мои лошите дела свои; престанете да правите зло; научете се да правите добро... Гревовите ваши да се и како бакам, - како снег ќе ги побелам; да бидат црвени и како пурпур, - како волна ќе станат бели' (Исаија 1:16-18).

2. Поврзување со смртта и воскресението Христово.

Како што биваме потполно покриени со вода при чинот на крстење, ние симболично умираме, и како што стануваме од водата, ние симболично стануваме во нов живот. Со тоа се поврзуваме со смртта и воскресението на Исус. Апостол Павле пишува за тоа:

> 'Зар не знаете дека сите ние што се крстивме во Исуса Христа, во Неговата смрт се крстивме. И така, ние се погребавме со Него преку крштевањето во смртта, та како што Христос воскресна од мртвите преку славата на Отецот, така и ние да одиме во обновен живот. Зашто,

ако сме сраснати со Него во еднаква смрт, ќе бидеме соучесници и во воскресението' (Рим.6:3-5).

Со крстењето поминуваме фигуративно воскресение во нов живот, измена на видикот што е битен дел од нашата покорност кон Бога.
Исус рече: 'ако некој не се роди од вода и Дух, не може да влезе во царството Божјо' (Јован 3:5).

Павле исто така напиша до верниците во Колоси за крстењето:

> 'се погребавте со Него во крштавањето, во кое заедно со Него и воскреснавте преку вера во силата на Бога, Кој Го воскресна од мртвите. И вас, кои бевте мртви во гревовите и во необрезанието на вашето тело, Он заедно со Него ве оживи, простувајќи ви ги сите гревови' (Колосјани 2:12-13).

3. Со крстењето соединети сме во Христа.
Со крстењето сме соединети во Христа и со тоа поврзани со Христа и со ветувањата кои Бог ги направи преку него:

> 'како што е телото едно, а има многу органи, и сите органи од тоа тело, па колку и да се тие, едно тело се, - така и Христос. Зашто преку еден Дух сме крстени сите во едно тело - било Јудејци или Елини, било робови или слободни; и сите сме со еден Дух напоени' (1Коринтјани 12:12-13).

> 'Знајте, пак, дека оние, што се потпираат на верата, се синови Авраамови... Но ветувањата му беа дадени на Авраама и на семето негово. Не е речено: и на семињата, како за множина, а за еден: и на семето твое, кое е Христос... Оти сите сте синови Божји преку верата во Христа Исуса; сите, што се крстивте во Христа, во Христа се облековте. Нема веќе ни Јудејци, ни Елини, ни роб, ни слободен; нема машки пол, ни женски; зашто сите вие сте едно во Христа Исуса. А, ако сте, пак... Христови, тогаш сте Авраамово семе, и по ветување наследници' (Галатјани 3:7,16,26-29).

Павле повторно пишува за промената што настанува при крстењето:

> 'бевте без Христа, отстранети од општеството на Израилот, без право на учество во заветите на ветеното, без надеж и безбожници во светот; но сега, во Христа Исуса, вие, кои некогаш бевте далеку, станавте блиски преку крвта Христова... така, вие веќе не сте туѓи и придојдени, туку сте им сожители на светиите и свои на Бога' (Ефесјани 2:12-13,19).

4. Сменување господари - повик за одвојување
Прочитај 2Коринтјани 6:14-18 и 1Јован 2:15-17.

Бог не е задоволен со светската идолатрија. Луѓето природно се слуги на гревот. Кога се крштеваме ние ја заменуваме нашата служба:

'да не бидеме веќе робови на гревот; бидејќи, кој умрел, тој се ослободил од гревот... Па така и вие сметајте се мртви за гревот, и живи за Бога во, Исуса Христа, нашиот Господ. И гревот да не царува во вашето смртно тело, за да не им се покорувате на телесните наслади... Не знаете ли дека, кому му се предавате како робови за послушност, робови сте му на оној, кому му се покорувате: или робови на гревот, за смрт, или - на послушност за оправдание? Но благодарејќи Му на Бога, вие, иако бевте робови на гревот, од сé срце му станавте послушни на оној вид учење, на кое му се предадовте. Откако се ослободивте од гревот, вие станавте робови на правдата' (Рим.6:6-7,11-12,16-18).

Со крштевањето почнуваме нов живот на покорност кон Бога кој нé поврзува со ветениот Божји дар.

> 'Но сега, кога се ослободивте од гревот и Му станавте служители на Бога, вашиот плод е светост, а крајот - животот вечен. Оти, платата, што ја дава гревот, е смрт, а дарот Божји е живот вечен во Христа Исуса, нашиот Господ' (Римјани 6:22-23).

Ние сосема го отфрламе човечкиот пат. Со крштевањето свртуваме по Божјиот пат, слушајќи го евангелието - 'Божјата сила за спасение'.

## ПРИМЕРОТ НА НОЕ

Така направи Ное. Светот во негово време беше полн со насилство и злоба. Ное изгради кораб, и кога останатиот свет беше уништуван од потопот, Ное и неговото семејство влегоа во коработ и беа спасени.

> Во 'деновите на Ноја, при правењето н ковчегот, во кој малкумина, односно осум души се избавија од водата. Образот на таа вода - кршетавањето, но не отстранувањето на телесната нечистотија, туку ветувањето на Бога - добра совест - ние спасува сега и нас преку воскресението на Исуса Христа' (1Петар 3:20-21).

Судот на злите ќе биде ненадеен и конечен кога ќе се врати Христос како што беше во дните на Ное. Како што беше спасен Ное во коработ, така и ние, ако сме 'во Христа' ќе бидеме спасени. Видовме дека начинот за бивање во Христа е преку знаење, верување, крштевање и трајна покорност.

## КОЛКУ Е ЗНАЧАЈНО КРШТЕВАЊЕТО?

Многумина мислат дека со обезбедената промена на својот живот на подобро нема никаква потреба да се подложат на тој чин. Колку се во грешка, колку неделотворни се сите нивни напори да чинат добро. Разгледај го случајот со Нееман Сириецот. (4Царства 5:1-27) Јелисеј пророкот, Божји човек, му кажа да се измие во реката Јордан за да ја исцели својата лепрозност. Тој прво одби, но кога неговиот слуга го убеди да го послуша одредениот детал даден од Бога, беше веднаш излечен.

Ако се покоруваме на Божјото слово најдобро што можеме, и ние можеме да бидеме исцелени и да почнеме од ново. Но можеме да се прашуваме за идните погрешки и гревови, то ест оние направени по крштевањето. Како што видовме порано, со крштевањето се поврзуваме со смртта на Исус Христос и тој настан беше еднаш-засекогаш-за-сите-жртва за грев, и оние погрешни работи кои ги правиме во нашиот нов живот во Христа се простени со молитва преку нашиот ново-пронајден Спасител. Кога се покајуваме и го бараме Божјиот опрост, сите наши гревови и погрешки се бришат од записник и затоа можеме секој ден да настапуваме сигурни дека ако се обидуваме да го правиме исправното, Бог има ветено дека милосно ќе ни прости.

Бог ни ја понудил таа прекрасна можност во Своето Слово. Дали веќе ја чувствуваш потребата да го почнеш својот живот одново? Со искуството на грешките кои си ги направил и желбата да избришеш некои од темните закрпи на твојот поранешен живот, тука е единствената прилика да се почне одново, овојпат не живот кој води в гроб, туку пат кон бесмртноста и величенственото царство Божјо. Божјиот пат е единствениот начин на кој можеш да се помириш со својот Творец.

Тоа е важноста на крштевањето. Тоа е еден битен чин на покорување, еден важен дел од Божјиот пат за спасение.

### ЗБИР

1. Крштевањето треба единствено да го пропрати целосното разбирање и верување во евангелието.
2. Крштевањето побарува целосно потопување во вода.
3. Во чинот на крштевање -
   а) нашите гревови се симболично сперени
   б) поврзани сме со смртта и воскресението на Господа Исуса Христа
   в) соединети сме во Христа, и со тоа поврзани со Божјите ветувања преку Христа.
   г) сменуваме господари, служејќи Му на Бога наместо на гревот, и се одвојуваме од светот.
4. Како што се спаси Ное со влегување во коработ, ние мораме преку крштевањето да влеземе во Христа за да се спасиме од идниот суд.
5. Крштевањето е суштествено за спасение.

**ПАСУСИ ЗА ЧИТАЊЕ ОД БИБЛИЈАТА**
**Битие 6, 7 и 8; Марко 16; Дела 8; Дела 22; Римјани 6**

### ЛЕКЦИЈА 11 ТЕСТ

Подвлечи го исправниот одговор на секое прашање и потоа пренеси ги своите одговори на Збир на одговори страната и испрати ги до нас. Заврши го овој примерок на тестот, и чувај го за преглед.

1. Зборот 'крштевање' значи:
   а) попрскување б) туривање в) потопување г) покиснување
2. Кој го крсти етиопскиот евнух? а) Стефан б) Павле в) Филип г) Варава
3. Кој библиски стих ни кажува за упатствата до учениците за проповедање на евангелието?

а) Марко 15:15-16   б) Марко 16:15-16   в) Марко 5:15-16   г) Марко 6:15-16

4. Кој тројца од наредниве беа крстени?
а) Пилат   б) Павле   в) чуварот на затворот во Филипи   г) Лидија

5. Кога може да настане вистинско крштевање?
а) по раѓањето   б) при смртта   в) по напуштање на училиштето
г) после целосното разбирање и верување во Божјиот план за спасение.

6. Што претставува чинот на крштевање?
а) Божјиот дар   б) дословната смрт на лицето
в) коработ на Ное   г) смртта и воскресението на Исус

7. Кое поглавје во Библијата го објаснува значењето на крштевањето?
а) Римјани 6   б) Рут 4   в) Откровение 6   г) Колосјани 4

8. Кој настан е употребен од Петар да се прикаже паралела со чинот на крштевање?
а) преминувањето низ Црвено море кај Исходот
б) преминувањето на реката Јордан према Ветената Земја
в) снабдувањето со вода во пустината
г) снабдувањето кораб од Ное во времето на потопот

9. Кој чин на покорност го побарува Бог од тебе за да можеш да добиеш место во Неговото идно царство?
а) на љубов   б) на вера   в) на верување и крштевање   г) на чесност

10. Сакаш ли да научиш повеќе за Божјата порака како би го имал разбирањето за да бидеш крстен?
а) да   б) не   в) не сум сигурен   г) може

**Оваа брошура е снабдена бесплатно за објавувањето на евангелието по светот од: CARELINKS MINISTRIES, PO Box 152 Menai NSW 2234 AUSTRALIA [www.carelinks.net](http://www.carelinks.net) email: [info@carelinks.net](mailto:info@carelinks.net)**

ЛЕКЦИЈА 12

# Божјото царство

Кога ќе се врати Христос - а една претходна лекција покажа дека тоа ќе биде скоро - негова прва работа ќе биде да ги воскресне мртвите.

> 'Многумина од оние што спијат во земниот прав ќе се разбудат' (Даниел 12:2).

> 'Ова, пак, ви го велиме преку словото Господово, дека ние, живите, што ќе останеме до доаѓањето на Господа, нема да ги испревариме умрените, бидејќи Сам Господ со заповед, при глас на архангел и при труба Божја, ќе слегне од небото, и најнапред ќе воскреснат мртвите' (1 Солуњани 4:15-16).

Ќе следи судот, и наградата на вечен живот ќе биде дадена на праведните кои потоа ќе помогнат во управувањето на Божјото царство.

Библијата ветува дека Христовата владавина ќе го види крајот на штетите кои денес го изопачуваат светот.

## УСЛОВИ ВО ЦАРСТВОТО

Нема да има угнетување (Псалм 71:4) ниту војна,

> 'И ќе им суди Он на народите и ќе изобличи многу племиња; ќе ги прековаат мечевите свои во плугови, а копјата свои - во српови: народ против народ нема да крене меч и нема повеќе да се учат на војна' (Исаија 2:4).

Владеењето на царот ќе биде праведно и вистинито.

> 'Ќе суди, не според тоа како што очите Негови гледаат; и ќе ги решава делата, не според тоа како што ушите Негови слушаат. Он ќе им суди на сиромасите по правда, и делата на страдалците во земјата ќе ги решава според вистината' (Исаија 11:3-4).

Болеста ќе биде спречена и клетвите на болест и заболување ќе бидат отстранети,

> 'Тогаш ќе им се отворат очите на слепите, ушите на глувите ќе се отнат; тогаш куциот ќе скока како елен, и јазикот на немиот ќе пее' (Исаија 35:5-6).

Многу земји денес страдаат од немаштија и илјадници луѓе умираат секој ден од глад. Во тој ден нема да има никаков глад. Извори на вода во пустините ќе овозможат приноси онаму каде што ги нема денес.

> 'Води ќе бликнат во пустињата, и потоци во степите. И водниот привид ќе се претвори во езеро, а жедната земја - во водни извори' (Исаија 35:6-7).

> 'Ќе има тврдина на земјата, по врвовите на горите; плодот Негов ќе се издига над Ливан' (Псалм 71:16). (Изворниот текст на овој пасус гласи:) 'Ќе има тек грст пченица во земјата на врвот на горите; а приносот оттука ќе се тресе како (приносите) на Либан'.

Конечно, самата смрт ќе биде уништена.

> 'А потоа ќе биде крајот, кога ќе Му го предаде на Бога и Отецот царството, односно кога ќе уништи секое началство, секоја власт и сила. Бидејќи Он треба да царува додека не ги стави под нозете Свои сите непријатели. А најпоследниот враг за уништување е смртта' (1Коринтјани 15:24-26).

> 'И ќе ја избрише Бог секоја солза од очите нивни, и смрт нема да има веќе; ни плач, ни пискот, ниту болка нема да има веќе, бидејќи поранешното помина' (Откровение 21:4).

Јасно е зошто ова учење за царството Божјо е наречено евангелие - ние научивме дека зборот значи 'добра вест'.

## СПАСЕНИЕ

По своето воскресение, Исус ги прати неговите ученици со овие упатства, 'Одете по сиот свет и проповедајте го Евангелието на секое создание. Кој ќе поверува и се крсти, ќе биде спасен' (Марко 16:15-16).

Ќе се види дека крштевањето мора да го проследува верувањето во евангелието. Стихот продолжува - 'а кој не поверува, ќе биде осуден'.

На денот на Педесетницата апостолот Петар говореше за воскресението на Исус и за надежта на неговото Второ Доаѓање. Луѓето кои го слушнаа говорот беа трогнати од слушнатото, и прашаа што треба да прават. Им беше речено да се покајат и се покрстат. Покајување значи, преобраќање - за правење нов почеток.

> 'И така оние, што од срце ги примија неговите зборови, се крстија ... И беа постојани во учењето апостолско, во општувањето, во кршењето леб и во молитвите' (Дела 2:41-42).

Забележи го истиот редослед - Разбирање и верување (то ест вера), проследено со покорност во крштевање. Потоа следи траен напор од верникот да го живее својот живот на начин кој му удоволува на Бога.

Тогаш крстениот христијанин, за кого се вели дека 'станал со Христа', може сигурно да чека за Господовото доаѓање.

> 'И така, ако сте воскреснале заедно со Христа, барајте го она што е горе, каде што Христос седи оддесно на Бога: мислете за небесното, а не за земното. Зашто вие умревте, и вашиот живот е сокриен со Христа во Бога. А кога ќе се јави Христос, вашиот живот, тогаш и вие ќе се јавите со Него во слава' (Колосјани 3:1-4).

## ОПРОСТ

Доколку, во текот на чекањето за Христа, христијанот погреши, тој знае дека Исус му е сочувствителен застапник, затоа што знае што е искушение. Во Посланието до Евреите, ни се напомнува дека нашиот Првосвештеник беше искушуван на истиот начин како и ние, иако беше кадар да се спротивстави и не направи грев (Евреи 4:15). Христијанот може да биде сигурен дека молитвите ќе му бидат услишени.

> 'И така, слободно да пристапуваме кон престолот на благодатта, за да примиме милост и да најдеме благодат за благовремена помош' (Евреи 4:16).

## БОЖЈИОТ ДАР

Ние не можеме да успееме со сопствен напор. Само со Божјата љубов и милост можеме да добиеме спасение преку Христа. Така апостол Павле напиша, 'зашто по благодат сте спасени преку верата; и тоа не е од вас - Божји дар е' (Ефесјани 2:8).

> 'Дарот Божји е живот вечен во Христа Исуса, нашиот Господ' (Римјани 6:23).

## СЛЕДНИОТ ЧЕКОР

Сега ги заврши дванаесетте лекции од 1та Етапа на овој дописен курс. Во овие лекции прочита краток отцрт на библиското учење за Бога и Неговата цел со земјата. Можда ќе си како некои од луѓето во Атина, кои го слушаа на Павле и 'кога чуја за воскресението од мртвите, едни се насмеаја, а други рекоа: Другпат сакаме да послушаме за тоа' (Дела 17:32). Со други зборови, сакаа да слушаат, но не беа заинтересирани со продолжување на своето учење.

Можда ќе си како луѓето во Бер што ги посети апостолот, кои 'секој ден го испитуваа Писмото, дали е тоа така' (Дела 17:11).

На било која група да припаѓаш, Божјата цел сепак ќе биде исполнета. Петар напиша дека во последните дни луѓето ќе се потсмеваат на идејата за Христовото враќање. Петар рече дека ја исмејуваа проповедта на Ное, но кога дојде назначениот ден, почна дождот. На истиот начин, било тоа да го забележат луѓето или не,

> 'ќе дојде денот Господов' (2Петар 3:9-10).

## ПОСЕБНА ПОРАКА ЗА ТЕБЕ

Апостолот го заклучува писмото со велење дека, како што ти е познато, 'каков треба да ви биде вашиот свет живот и побожноста ваша?' (2Петар 3:11).

Тоа прашање мора да се остави на секој поединечен ученик за одговор Веруваме дека ќе се

'погрижете... пред Него да излезете во мир, неосквернети и непорочни' (2Петар 3:14).

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ПАСУСИ ЗА ЧИТАЊЕ ОД БИБЛИЈАТА** | | | |
| **Исаија 65:17-25** | **Римјани 13** | **Ефесјани 2** | **Ефесјани 5** |
| **Исаија 66:1-2** | **Колосјани 3** | **2Петар 3** | |

**ЛЕКЦИЈА 12 ТЕСТ**

Подвлечи го исправниот одговор на секое прашање и потоа пренеси ги своите одговори на Збир на одговори странатa и испрати ги до нас. Заврши го овој примерок на тестот, и чувај го за преглед.

1. Која ќе биде првата работа на Исус кога ќе се врати на земјата?
   а) ќе им каже на сите дека се врати    б) ќе ги воскресне мртвите
   в) ќе им даде среќа на сите    г) ќе ги уништи злите
2. Кои од следниве услови ќе постојат во царството Божјо?
   а) нема да има војни    б) нема да има болести
   в) нема да има глад ниту жед    г) нема да има смрт
3. На кој празник апостол Петар им кажа на луѓето за II доаѓање на Исус према записот во Дела 2? За време: а) пасха   б) педесетница   в) пурим   г) сеници
4. Како треба крстениот верник да го живее својот живот?
   а) во манастир    б) изолиран
   в) на начин кој му е угоден на Бога    г) во важна работа
5. Како може христијанот да бара опрост?
   а) со жртвување   б) со давачки   в) со понуди   г) со молитва
6. За кој Божји дар се говори во Римјани 6?
   а) за вечен живот пре
ку Христа    б) за создавање
   в) за Библијата    г) за сезоните
7. Што направија луѓето во Атина кога слушаа Павле да проповеда?
   а) го каменуваа    б) рекоа 'другпат ќе послушаме за тоа'
   в) го фалеа    г) го славеа
8. Што направија луѓето во Бер кога слушаа Павле да проповеда?
   а) славопееја    б) го пребаруваа Писмото дневно
   в) проповедаа    г) ги продадоа сопственостите
9. Што од следниве луѓето не можат да спречат за остварување?
   а) загадувањето    б) утврдувањето на царството Божјо
   в) омразата    г) враќањето на Исус
10. Кој апостол од Исус ни рече да се обидеме да бидеме непорочни во својот живот пред Бога? а) Павле   б) Филип   в) Јован   г) Петар

**Оваа брошура е снабдена бесплатно за објавувањето на евангелието по светот од: CARELINKS MINISTRIES, PO Box 152 Menai NSW 2234 AUSTRALIA www.carelinks.net email: info@carelinks.net**

# ЗОШТО ТОЛКУ МНОГУ СЕКТИ?

Зошто има толку многу секти во христијанството? Нивниот број раѓа презир кај неверниците и им причинува тага на предаными.
Кога апостолите го раширија учењето на Христос, христијанството почна со една единствена 'секта' за која се велеше дека 'насекаде се противречи' (Дела 28:22). Ако учењето држано од членовите останеше исто какво што беше дадено од првите учители, постоеше барем можност и да остане една 'секта'.

Но претпостави дека нови учења се донесени, старите зборови се употребени да ги облечат новите идеи и една туѓа филозофија е здружена со изворното учење. Не е ли јасно дека ќе има затегнатости помеѓу новите верувања и старите? Ќе се отвори пат за сите врсти идејни комбинации и измислување нови теории за да се намират работите кои се спротивставени. Како исход, различни групи ќе се разидуваат се повеќе и повеќе додека не се разделат во посебни цркви и трајно несогласување.

Воопштено и едноставно, тоа е прилично она што се случи со христијанството. Промените надоаѓаа дури и во дните апостолски, бидејќи го наоѓаме Павле како се упорно противи на идеите кои би го направиле воскресението на мртвите непотребно (1Кор.15:12-20). На крајот од својот живот, Павле сѐ уште се бореше со оние "кои отстапија од вистината, говорејќи дека воскресението веќе станало" (2Тимотеј 2:18).

Постоеше силна можност, да не одиме подалеку, дека единственото учење кое можеше да го смени верувањето за идното воскресение беше грчкото учење дека душата е бесмртна и према тоа не потребува никакво воскресение од гробот. За Павле тоа беше нешто многу загрижувачко, зашто учинокот на тоа беше кобен. Им ја попречуваше "верата на некои" и дека за во иднина виде дека ќе "се пренесува како жива рана" (2Тимотеј 2:17).
Во некои од своите рани пишувања Павле рече дека ќе дојде до "отпаѓање" и дури дека "тајната на беззаконието веќе дејствува" (2Солунјани 2:3,7). Им рече на Ефесјаните, "а и од вас самите ќе станат луѓе, што ќе зборуваат изопачено" (Дела 20:30). Во двете свои писма до Тимотеја пишуваше за време кога "некои ќе отстапат од верата" (1Тим.4:1) и кога "нема да го слушаат здравото учење" ... туку "ќе го одвратат слухот свој од вистината и ќе се обрнат кон бајки". Имајќи "залажа(н) слух", тој рече, тие ќе "си изберат учители" сходно своите желби (2Тимотеј 4:3-4).

Ниту беше Павле осамен во тоа. Петар рече, "меѓу вас ќе има лажни учители, кои што ќе внесат погубни ереси" (2Петар 2:1). Јовановите писма, пишувани во неговата длабока старост кон крајот на 1 век, беа наголемо посветени на сузбивање на учењето кое веќе преовладуваше. "Многу лажни пророци (или учители) се јавија во светот", рече тој (1Јован 4:1). Во 'светот влегоа мнозина измамници' (2Јован 7). Тој ги тераше верниците да ги стават на испит оние кои им доаѓаа како учители (или, со својствениот му говор, да "ги (испитуваат) духовите"), а единственото мерило со кое можеа да бидат испитани беше Словото кое Бог веќе го даде преку Својот Свети Дух - то ест, Писмото.
Дури и во дните апостолски, кога можеше да се повика само на пишувањата кои сега ги нарекуваме Стар Завет, Евреите во Бер беа наречени "поблагородни" бидејќи "секој ден го испитуваа Писмото" да видат дали она што им говореа Павле и Сила "е... така" (Дела 17:11). И кога во раните времиња Евреите бараа да комуницираат со мртвите со пракси како од оние на денешниот спиритизам, Исаија посочи до единствениот вистински извор за истражување: "не треба ли народот да се обрнува кон својот Бог?... Допрашај се до законот и откровението! Ако некои речат дека не е така, тогаш за нив нема светлина" (Исаија 8:19-20). "Оти никогаш според човечката волја не е изречено пророштво, туку светите Божји луѓе зборувале просветувани од Светиот Дух" (2Петар 1:21).

Откако надојде разделувањето зашто дојдоа луѓе говорејќи изопачени работи "за да ги одвратуваат учениците заедно со себеси" (Дела 20:30), единствениот пат кон единство е враќањето кон "вера(та), која им е дадена на светиите еднаш засекогаш" (Јуда 3).

